**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение од Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11.42 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Благој Зашов, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Благој Зашов:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по 98-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Владимир Ѓорчев, Бесим Догани, Лилјана Поповска, Фијат Цаноски, Гоце Марковски, Виолета Ташева, Јагнула Куновска, Данаил Дончев, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китаноски, Илинка Митрева, Верица Филипова и Лубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Пред да продолжиме со Предлогот на закон за високо образование, има двајца пријавени за збор.

Процедурално има господинот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници. Почитуван господине Грозданов има многу појак член од тоа што се случуваше денеска низ Република Македонија. Сакам почитуван потпретседателе да го изразам моето незадоволство и згрозен сум од чинот и од настанот кој што се случи денеска на патниот правец Велес - Скопје, на клучката кај автопатот спрема Скопје. Згрозен сум од страна на полицијата на Република Македонија, затоа што едни јадни луѓе стечајци во Република Македонија создадени од сите нас, луѓето беа на брутален начин сопрени од страна на полицијата и легитимирани. Сведоци на сето тоа беа пратеници од ВМРО ДПМНЕ. Жално е почитувани колеги, луѓето кои што доаѓаат за една корка леб на мирен и достоинствен начин да го изразат своето незадоволство, вие да реагирате на ваков начин.

**Благој Зашов:** Колега Серафимов, дајте процедурално за што сакате да зборувате. Ова е тема која е широка и врзана со друг закон.

**Влатко Серафимов:** Затоа барам почитувани колеги да добиеме информација од страна на министерот за внатрешни работи кој што работи согласно Уставот и законите на Република Македонија, кој ја даде наредбата за легитимирање на стечајните работници кои што се тргнати на мирни протести во градот Скопје и кој ја спроведува наредбата, затоа што луѓето беа брутално од страна на 4 полициски возила истерани надвор од автобусите.

(Реакција од пратениците)

**Благој Зашов:** Господине Грозданов, ќе добиете збор.

(Пратеникот Цветан Грозданов му ги спушти микрофоните на говорницата).

Давам пауза од 20 минути, бидејќи нема услови за работа.

(Пауза од 11,52 часот)

(По паузата)

Господа пратеници, со оглед на настанатата ситуација, ги поканувам координаторите на пратеничките групи во 13,00 часот на состанок на кој ќе учествува и претседателот на Собранието, заради договор околу натамошната работа во Собранието.

(Пауза од 12,45 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,24 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата зошто треба да ја започнеме попладневната сесија.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со седницата.

Ги повикувам пратениците кои се во Собранието да влезат во салата зошто продолжуваме со седницата.

Ве молам седнете на своите места.

Продолжуваме со работа по 98-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Владимир Ѓорчев, Бесим Догани, Лилјана Поповска, Фијат Цаноски, Гоце Маркоски, Виолета Ташева Тулиева, Јагнула Куновска, Данаил Дончев, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Верица Филипова, Љупчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Имам чест да ве известам дека на координацијата одржана денес дојдовме до заклучок дека, се разбира ова е консултирано исто така со пратеникот Есад Рахиќ кој е прв овде на листата за говор, дојдовме до заклучок да ја продолжиме седницата со тоа што господин Серафимов има право на своите 56 секунди. Нема да правиме за секунди проблем, прв ќе добие збор господин Серафимов, порцедурално 56 секунди.

Потоа ќе добие збор процедурално господин Цветко Грозданов, потоа ќе добие збор процедурално господин Јани Макрадули и се разбира четврти ќе добие збор Есад Рахиќ кој беше љубезен да се согласи со оваа координација и ако не беше присутен на неа.

Потоа по точка 5 преминуваме на амандманска расправа. Ве молам тишина, ве молам, да се разбереме, повторувам уште еднаш за да сите чуеме. Господин Серафимов има, потоа Цветко Грозданов, па Јани Макрадули, па Есад Рахиќ,

сите тие процедурално, потоа преоѓаме на амандманска расправа.

Ве молам, сега дозволете, му давам збор на Влатко Серафимов, да си ги доврши своите процедурални интервенции во рамките на тие 56 секунди односно една минута.

Повелете господине Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе,

Согласно член 32 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, барам информација од министерката за внатрешни работи госпоѓица Гордана Јанкуловска, за денешните случувања на автопатот Велес-Скопје, од која причина биле запрени автобусите со кои се превезувале стечајците за мирниот протест во Скопје, кој ја дал наредбата и зошто се легитимирани луѓето, бидејќи согласно начелата на Уставот на Република Македонија и законите на кои што таа се повикува, се прекршени човековите права за ограничувањето на движењето на луѓето.

Затоа барам информацијата да биде доставена денеска во писмена или во усна форма. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ќе гоземеме тоа аднотам.

Господин Цветан Грозданов, повелете.

**Цветан Грозданов:** Благодарам претседателе.

За сиот почит и респект е веќе добивањето на процедурална забелешка, затоа што господинот Серафимов доколку негово излагање беше во смерот на член 32 и укажеше тогаш ние немаше да имаме таква реакција како што ја имавме. Јас оттука со жалење би сакал да констатирам дека оној што ете понесен од емоциите кој што не беа сослушани од моја страна и од многу други пратеници изреагирав премногу емотивно така да во еден момент го одземав зборот на господинот Серафимов и уште еднашка жалам што тоа го направив.

Но исто така сакам да напомнам дека понесен од она што одредени пратеници го коментираа во смисла на мојата процедурална забелешка особено дека немавме воопшто никаква забелешка затоа што не беше дадена процедурална забелешка по одреден член, туку паушално беа изнесени одредени видувања или невистина, така да мојата реакција беше да се произнесе пратеникот по кој член од Деловникот ја дава својата процедурална заблешка. Од моето укажување, потпретседателот на Собранието не даде за право по кој е членот по кој се обавува процедурата. Тука беше мојата забелешка и мојата реакција. Ќе напомнам уште еднашка дека емоциите потекнуваат од она што беа сарказмот и иронијата која што беше упатена до одреден дел на пратеници према нас на кои што реагиравме на неможноста и недифинирањето на процедуралната забелешка од страна на пратеникот. И оттука би апелирал до претседавачите со собраниската седница пред да започнеме со она што е процедурална забелешка секој кој што има одредена забелешка да каже како што е предвидено со Деловникот по кој член од Деловникот ќе ја изнесат својата процедурална забелешка како би можеле понатака да ја продолжиме работата.

Мислам дека во иднина навремено ќе треба да се реагира околу можноста за давање на процедурална забелешка која што ќе биде дадена од страна на претседавачот на седницата со тоа што ќе биде и самата забелешка издржана. Затоа што можеме да го претвориме Собранието целодневната работа на Собранието да се одвива со процедурални заблешки кои ќе имаат деловничка покриеност и која што ќе можеме да зборуваме за се и сешто што би сакале да едноставно темата на дневен ред ја избегнеме како би можеле да добиеме одредени политички поени. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Ве молам, процедурално има по ред, по договорот господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Сакам само да информирам дека договорот не важи, дека беше јасно кажано од координаторот на пратеничката група дека господинот Цветко Грозданов ќе се извини, тоа не го кажа, тоа не го кажа, жалење можеме да изразуваме на различни места. Јасна беше намерата, да повторно се минимизира провинцијалното и недомократско однесување овде во Собранието. Пратеничката група на координација доби уверување од претседателот на Собранието, од координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и од заменикот координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, дека пратеникот Цветко Грозданов ќе се извини. Тоа во овој момент не го добивме. Ние бараме, лично извинување од пратеникот Цветко Грозданов. Ако тој нема сила тоа да го направи бараме пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да се извини преку координаторот, а бараме Претседателството на Собранието да го осуди чинот кој е спротивен на членот 82 став 1 каде што никој не може да го овозможи говорникот да биде прекинуван и да се ограничи слободата на говорот и да се прекрши членот 16 од Уставот каде што се гарантира слободата на говорот. Заради ваквото недемократско однесување во овој момент се уште на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ договорот не важи и во име на пратеничката група барам саат време пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, некои делови од вашето барање се в ред и вие се уште не...

(Галама во салата)

Добро, дозволете, кога некој ќе рече изразувам жалење за тоа и тоа имплицира...

(Галама во салата)

Тишина ве молам, тишина во салата ве молам.

Паузата се уште не е дадена, да го исполниме прво договорот, господин Есад Рахиќ има процедурално повелете.

(Галама во салата)

Ако е во тоа проблемот, еве, ќе се извини господинот Цветан Грозданов и ќе продолжиме.

**Цветан Грозданов:** Почитуван претседателе,

Во интерес на работењето на Собранието на Република Македонија, во интерес на она што не очекува околу носењето на законите, се извинувам јавно, се извинувам на целата македонска јавност за она што јас го направив. Благодарам.

(Аплауз)

**Љубиша Георгиевски:** Збор има, дозволете да одговорам на заостанатиот дел.

(Пратениците од СДСМ реагираат на тоа што не е дадена паузата, а во салата има општ џагор).

Има збор процедурално, како што се бевме договориле, по договорот, господин Есад Рахиќ, а потоа можете да барате пауза. Во секој момент имате право да барате пауза. Само, мотивацијата сега е друга. А, претходната држеше место. Човекот се извини, сега е ваша.

Уште Рахиќ е по договорот, па после можете да барате пауза. Ваше Деловничко право е. Само, мотивацијата не ви држи.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе.

Обично сум речит, но после вакво извинување господинот Цветко ме остави без збор. Јас бев јавен во насока на она што го зборував и вчера и пред неколку дена, дека поради неработење и перманентна блокада на работењето на Парламентот од страна на најголемите политички партии, што се докажа и денеска, дефинитивно не работиме, трошиме пари и пред народот излегуваме несериозни.

Сакав да кажам дека е време да размислуваме за распуштање на Парламентот и на 6 април да одиме на избори. Но, ќе се воздржам. Денеска нема да го побарам тоа, бидејки како што реков, господинот Цветко Грозданов ме остави без текст. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

(Аплауз).

Ве молам, тишина, ве молам.

Господинот Јани Макрадули има право да го образложи своето барање на пауза или небарање.

Повелете господине Макрадули. Со тоа завршуваме процедурално.

**Јани Макрадули**: Благодарам претседателе.

Веројатно некој претседател на комисија, со една седница во годината си ги одработува парите. Некој со секојдневни настапи тука подруго си одработува или си ги брани гласачите или одговорноста си ја носи, но сакам да кажам дека, во интерес на тоа што имаме европски закони, ние ќе останеме на седница без да бараме пауза.

Очекувам Претседателството на Собранието да се произнесе по мојот предлог или предлогот што го дадов во име на пратеничката група на СДС за повредата на член 82 став 1, ние да не правиме пауза, да продолжиме по амандманите бидејки имаме европски закон, а очекувам Претседателството на Собранието да се произнесе по нашето барање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас на конструктивниот став.

(Џагор во салата)

Момент, момент, јас ќе одговорам на процедуралните прашања. Никој да не одговара. Тоа прво.

Ова го говоревме и на координацијата, Претседателството зема обврска тоа да го истражи.

Што се однесува во интерес на добрата атмосфера за работа и во интерес на добрите информации, проверив лично, службите тврдат дека господинот Есад Рахиќ минатата година одржал 8 седници со 13 точки на дневен ред. Значи, вашето барање веднаш го зедов предвид и добив известување, како што ќе го земам и ова второто. За тоа бидете сигурни.

Ве молам, ве молам...

(Пратеникот Есад Рахиќ инсистира да добие збор).

**Есад Рахиќ:** Не, не. Има Устав што гарантира право на говор.

Ако господинот Јани тука има проблем ...

**Љубиша Георгиевски:** Добро, кажете. Јас мислам дека кажав точно 8 седници и ...

**Јани Макрадули:** Јас не мислев на него.

**Љубиша Георгиевски:** Готово, готово.

Дајте, ваквите полемики да ги надминеме.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе,

Доаѓам на работа секој ден точно во 11,00 часот. Си одам меѓу последните, за разлика од моите колеги, дел од колегите, морам да признам на СДСМ, кои доаѓаат половина час, час, дигаат џева и после одат на терен.

За да не ги трошиме народните пари, за да не глумиме лудило, предлагам да се распуштиме и да дојдат некои попаметни, подобри од нас кои на овој народ ќе му донесат добро. Прва работа.

Втора работа, јас сум претседател на Комисија од редот на опозицијата. Ако политичка партија која има предложено претставник во таа Комисија, во која што Комисија работи, за жал, не по негова вина, неучествувал, само еднаш учествувал и не ги информирал колегите од СДС колку и што работи оваа Комисија, тоа е втора работа.

И трето, ќе ве замолам господине Макрадули, бидејки нема потреба да ме брани ни овој ни оној, сами си ги вршам работите, како и волкот, затоа сум дебел во вратот, вашите опсервации, вашите размислувања зачувајте си ги...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам мене обраќајте ми се за процедурални интервенции. Немојте на пратеници, по Деловник.

**Есад Рахиќ:** Дозволете, дозволете.

Дозволете ми, јасно беше упатено прашањето до мене.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, преку мене.

**Есад Рахиќ:** Ако сакаат нека побараат оставка од мене, како најголема опозициона партија, нека си го земат местото и нека го водат. Што друго да кажам.

А, брокерите се и во едната и во другата страна.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

(Пратеникот Јани Макрадули бара збор процедурално).

Не, немојте.

(Пратеникот Јани Макрадули инсистира да добие збор процедурално).

**Јани Макрадули:** Како му дадовте нему процедурално?

**Љубиша Георгиевски:** Да, но уште ова процедурално го двам и после давам 77 часови пауза од овој Парламент. Да се разбереме. Да се разбереме.

Ајде повелете, чест ви правам, констуктивни сте, повелете уште вие.

(Џагор во салата).

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас само сакам да кажам процедурално, воопштоне спомнав ниту едно име. До колку господинот Рахиќ се најде прозван и тој чувствува дека недоволно работи како претседател, не сум јас виновен. Јас воопшто не спомнав за кој претседател на комисија се работи.

Затоа мислам дека беше непотребна неговата процедурална забелешка. Секој си одговара, си знае колку сработил во ова Собрание. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, добро.

Дозволете сега да минеме на материјалната расправа за која што оваа седница е закажана.

Претресот по амандманот за додавање нов член 49-а по членот 49 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Славица Грковска е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам службите да установат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите утврдуваа точен број на присутни пратеници во салата).

Ве повикувам да гласаме.

При присуство од 61 пратеник, гласале 57 пратеници, за гласале 17 пратеници, воздржано 1, против 39.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 50 за менување на став 1 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот минситер Рушити.

Повелете господине Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам господине министре, не слушнавме?

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Ве молам, обезбедете чујност во салата.

Ве молам за тишина.

Владата не го прифаќа овој амандман, а за збор се јави господинот Тале Герамитчиоски.

Повелете господине Герамитчиоски имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги,

Како што ветив вчера, каде сум предлагач, ќе кажам дека е ова амандман што го поднесов во името на студентите кои го дадоа својот предлог преточен во предлог амандмани од Младинскиот образовен форум.

Овој амандман се однесува на потрбата од промена на членот 50, каде се дефинирани органите на Универзитетот. Во Предлогот на законот се дефинирани како: Универзитетски сенат, Ректор и Ректорска управа.

Во предлогот на амандманот, овој предлог се проширува уште со Универзитетски совет и со Студентски парламент. Има два нови предлози за два нови органи.

Универзитетски совет, до сега не бил тело или орган што егзистирал во универзитетската структура. Беше воведен и во првата верзија на законот, што ја помина првата фаза, од причина што беше сугерирано на сите оние средби со претставниците од Советот на европа и со други експерти од други европски држави дека основачот, во случајов Собранието на Република Македонија мора да има свои претставници во органите на управувањето.

Онаа автономија што ние сме ја дефинирале во претходните верзии на Законот за високо образование била преексплицитна, прешироко, сме поминале во друг сегмент што другите евроспки држави навистина не го препознаваа во тој обем.

Сега тука е прашањето од кои причини Универзитетскиот совет се дефинира како тело на Универзитетот, мене ми е јасно. Бидејќи првобитната улога на Универзитетскиот совет беше друга, Универзитетскиот совет во кој има тројца претставници од основачот, од Собранието, требаше да ја има улогата како

контролор во материјално-финансовото работење на Универзитетот.

Сега, тука, Универзитетскиот совет е дефиниран со своите надлежности во членот 58. Искрено да ви кажам, варијантата што сега се предвидува е преопширна, преопшта и не до крај дефинирана, како да сме сакале само бегло да спомнеме некои критериуми за воведување нов орган, што сега прераснал во новата верзија во тело, ама јас сум сигурен дека ова што го зборувам, а студентите го преточиле во амандмна не се однесувало на Универзитетскиот совет. Но, јас го посочувам тоа како проблем, зошто од орган преминал во тело. Тело и треба да биде, според улогата наменета во членот 58, но таа не беше наменета во првата верзија.

Вториот дел за што студентите се залагаат, Студентскито парламент да биде орган на Универзитетот. Знам дека тоа е навистина преголемо барање. Но, ако ја разгледате досегашната пракса на учество на студентите во работењето на Универзитетот, Студентскито сојуз беше некоја парлаелна институција што се организираше надвор од органите на Универзитетот. Имаа свои претставници во Универзитетскиот сенат, во зависност од големината на сенатот и бројот на членовите, одреден дел, јас знам дека во Универзитетот “Климент Охридски” имаа по тројца претставници во Универзитетскиот сенат кои постојано беа изложени на притисоци, особено во моментите кога се бираа органи на управување односно ректор и сенат на Универзитетот. Бидејки тие ја спроведуваат постапката на бирање.

Начинот на делегирањето на тие претставници беше симптоматичен. Начинот на нивно учество во управување со Универзитетот беше симптоматичен, бидејки не учествуваа во дефинирањето на студиските програми што наставно научните совети ги предлагаа до ректорската управа, а таа ги предлагаше во Сенатот за конечно усвојување. Не учествуваа во наставните програми ниту по обем, ниту по содржина. Од тие причини, нивната улога мора да биде подигната.

Орган на управување на универзитетот, Студентскито парламент, може да биде толкуван на различен начин. Сега можеме да се договориме, дали ќе направиме конкретен исчекор напред, со што на студентите навистина ќе имја доделиме онаа улога што и Министерската конференција, преку Коминикето ги обврза земјите потписнички на Болоњската декларација или декларативно ќе се заложиме на статус кво, бидејки членот 156, каде се дефинира учеството на студентите во управувањето, навистина е недефиниран.

Тоа го кажав вчера, не сакам да го повторувам. Се повикува на овој закон и на Статутот на високообразовната институција. На овој закон не може да се повика, бидејки е само тој член во управувањето. А, на Статутот на високобразовната институција, се изјаснив вчера. Ако се дозволи со статут на факултетите да се решава статусот на студентската организација, тешко на студентите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Службите сепак нека проверат колку пратеници има во салата.

(Службите проверуваат колку пратеници има во салата).

Ги повикувам пратениците кои се во Собранието, а не влегле во собраниската сала да влезат да си ги заземат своите места затоа што треба да гласаме.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои не влегле во салата да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата затоа што не очекува гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата присуствуваат доволен број на пратеници, ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 15, воздржано 1, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 51, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука господинот Сулејман Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Колешки и колеги пратеници, јас се надевам дека со тоа што ќе кажам различно мислење од она на парламентарното мнозинство и на владеачкото мнозинство нема повторно да ни се случи некој да ги спушти микрофоните тука, што за жал, нема да биде прв пат во ова Собрание, заради тоа што веќе навикнавме на реакции од страна на парламентарното мнозинство да реагира на опозицијата да зборува само она што смета ВМРО-ДПМНЕ дека треба да се разговара и да се дискутира во оваа сала.

Амандманот кој што го поднесовме со господинот Герамитчиоски од име на Младинскиот образовен форум конкретно и прецизно го утврдува членот 51 од Законот кој што се однесува на универзитетскиот сенат. Меѓутоа, очигледно на владеачкото мнозинство не му одговара одредени решенија во Законот да бидат

прецизни. Очигледно дека на парламентарното мнозинство во овој закон му одговара одредени решенија да бидат паушални и непрецизни за да може да манипулира со нив како сака. Впрочем уште од почетокот на овој амандман првото нешто со кое што се соочивме во име на образовната стратегија на оваа Влада беше противуставното и противзаконското менување на ректор на еден Државен универзитет од страна на Владата, од страна на министерото за образование. И претпоставувам дека ваквите решенија во законот се само во насока на таквата политика на владеење на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА во оваа држава откако се тие на власт да имаат решенија паушални и непрецизни кои што ќе им овозможат да манипулираат со високото образование и да ги контролираат високообразовните институции и покрај тоа што тоа е сосема спротивно на Уставот, сосема е спротивно на европските определби за автономија и независност на високо образовните институции. За да бидеме јасни што е тоа што го бараме, јас ќе го прочитам амандманот. Со амандманот бараме: “Орган на управување на Универзитетот да биде универзитетскиот сенат. Бројот на членови на сенатот да биде непарен и да не може да биде помал од 17. Бројот на членови, постапката, начинот за избор и разрешување на членовите на сенатот, начинот на работа и одлучување да одредува со статутот на Универзитетот. Мандатот на членовите на сенатот освен на претставниците на студентите е 4 години. Сенатот го сочинуваат претставници од единиците на Универзитетот избрани непосредно и со тајно гласање од редот на професорите, односно научните работници, основачот и студентите. Од вкупниот број на членови на сенатот претставници од единиците на универзитетите сочинуваат две третини заокружено на најблискиот непарен број. Додека претставниците на студентите и основачот се застапени со подеднаков број членови до полниот состав на сенатот. Во сенатот секоја единица на Универзитетот има најмалку еден претставник. Претставниците на студентите ги назначува студентскиот парламент од своите членови. Седниците на сенатот ги свикува и ги води претседателот на сенатот. Сенатот од редот на своите членови избира претседател чии права и обврски се уредуваат со Деловникот за работа на сенатот. Ректорот и проректорите учествуваат во работата на сенатот без право на глас”.

Прилично прецизен, концизен, точно се знае бројот на членовите на сенатот, точно се знае начинот на кој што се бираат членови на сенатот што во овој предлог не е дадено, точно се знае кој ги води седниците на сенатот што воопшто не е регулирано во членот 51 кој што е сега предложен, точно се знае од каде се бира претседателот на сенатот, што тука не е регулирано што остава простор заедно со другите решенија кои што се предложени во законот за бројни манипулации. Имено, ако остане решението ректорот да не мора да биде лице кое што е вработено на Универзитетот, а кое што ќе ги бира деканите на високообразовните институции, ако остане решението Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација да го сменат својот состав, ако остане решението студентите да немаат фактичка улога во управувањето на сенатот по овој закон, нема да има никаква врска со европските определби. Овој закон ќе има единствено врска со политиката на оваа Влада, со политиката на премиерот Груевски да контролира се во оваа држава, да се сруши независноста на Универзитетот, да се наруши неговата автономија и да се управува со универзитетите во Република Македонија на начин на кој што му одговара на ова владеачко мнозинство. Јас прашувам, зошто на ова Влада не и одговараат независни високообразовни институции. Кој се плаши од интелектуалниот кадар во Република Македонија? И од кои причини амандмани кои што ги прецизираат решенијата на законот, кои што одат во прилог на достигнувања на европските определби на Република Македонија, не се прифаќаат. Во чиј интерес е тоа?

Она што го зборувавме во однос и на претходниот амандман вчера, јасно е дека определбата на овој закон за исполнување на правото на учеството на студентите во органите на управување и раководење на Универзитетот воопшто не е исполнето. Заради тоа што она што се обидело ова владеачко мнозинство, оваа Влада да го направи или да го “регулира” со само еден член е чиста проформа. Членот 156 најодговорно тврдам е само изговор, даден како изговор дека наводно нешто е направено во интерес на студентите и на нивното вклучување во органите на управување на високообразовните институции, а всушност претставува наша обврска како држава која што сме ја преземале да ги исполниме како дел од европските критериуми. Значи, треба да се уважи тоа што студентите го бараат, дека претставниците на студентите треба да присуствуваат, треба да бидат дел од универзитетскиот сенат и за тоа тие сами да одлучуваат кој ќе ги застапува во сенатот. Тие треба сами да одлучат дали и на каков начин својот глас ќе го дадат во рамките на универзитетскиот сенат. Во спротивно, ако остане онака како што е регулирано во членот 156, ние дефинитивно го гасниме студентското движење во Република Македонија и неговото влијание во делот на креирање на политиката на Универзитетот. За моите колеги од ДПА тоа можеби е смешно, меѓутоа, за Република Македонија е трагично, заради тоа што има пратеници во оваа сала кои што не разбираат дека со вакви решенија се гуши демократијата во Република Македонија, со вакви решенија се гушат сите позитивни иницијативи кои што студентското движење може да ги носи.

Она што очекуваат пратениците на ВМРО-ДПМНЕ кои што сега ми дофрлаат од место, нема да го направиме. Вие очекувате да зборуваме само она што вие мислите дека треба да зборуваме, што не е логично, вие очекувате да бидеме пооперативни и конструктивни тогаш кога ВМРО-ДПМНЕ мисли дека треба. Меѓутоа, за се друго за што имаме спротивно размислување, вие сметате дека не треба да зборуваме и ни ги спуштате микрофоните тука. И ќе правиме скандал, ќе правиме инцидент и тоа што е најинтересно се случува секогаш кога Република Македонија е исправена пред клучен историски момент. Еднаш во таква улога е ДПА, сега во таква улога е ВМРО-ДПМНЕ. И веќе мислам дека не е случајно, дека во даден критичен момент секоја од овие две политички партии си бира по еден пратеник кој што ќе исценира скандал тука во Собранието, па после ајде сите ќе се поправаме, ќе се собираме да ја поправаме штетата и за сликата на Собранието и за сликата што Република Македонија ќе ја добие во светот.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓице Грковска, ова спаѓаше во процедуралните забелешки кои поминаа. Сега држете се до предметот.

**Славица Грковска:** Претседателе, јас не мислам дека вие сте поразличен од парламентарното мнозинство. Напротив, вие сте дел од таа политика.

**Љубиша Георгиевски:** Ова ви е втора опомена за дигресија.

**Славица Грковска:** И заради тоа му ракоплескавте на господинот Цветко Грозданов, наместо да се оградите од него и да го осудите неговото однесување.

Во членот 156 се вели дека студентите учествуваат во управувањето со високообразовните установи преку претставници кои се избираат во студентскиот парламент, преку форми на самоорганизирање или на друг начин, меѓутоа внимавајте сега, само според условите утврдени со овој закон и со статутот на високообразовната установа. Бидејќи во овој закон нема друг член што го регулира тоа, туку само овој, значи тој дел од можноста на студентите им е ускратен. Им останува единствено да се надеваат дека во статутот на високообразовната установа ќе им биде дозволено да учествуваат во управувањето на високообразовната установа. Ако имаме ситуација во која што ректорот ќе биде делегиран од владеачкото мнозинство и не мора да биде вработен на Универзитетот, ако имаме ситуација во која што ректорот ги бира и разрешува деканите и на тој начин ќе управува управувачката гарнитура на факултетите, во високообразовните установи, тогаш тој истиот ќе управува, значи владеачкото мнозинство преку ваквите решенија ќе управува со начинот на кој што ќе се вклучуваат студентите во управувањето на високообразовните установи. И јас пак прашувам, зошто на ВМРО-ДПМНЕ и на ДПА им пречат студентите? Зошто се плашат од учеството на студентите во управувачките органи во високообразовните институции на Универзитетот? Заради тоа што ваквите решенија кои што се предлагаат логично укажуваат на таква работа. Значи, од волјата на факултетите ќе зависи дали студентите ќе учествуваат во управувањето, или не. Тоа не е европска определба, тоа не е она што ние сме си го преземале како обврска, како држава да го исполниме за усогласување со европските директиви и со европските определби.

Уште потрагично се вели дека, учеството на студентите во органите на Универзитетот повторно се уредуваат со статутот на Универзитетот и правилата на единиците на Универзитетот, односно статутот на самостојната високообразовна институција без разлика на тоа каков е нивниот став, колкаво ќе биде нивното влијание ќе зависи исклучиво од волјата на деканите кои што ќе ги поставува ректорот кој ќе биде во ваков случај продолжена рака на владеачкото мнозинство. И вие ми зборувате за демократија? Вие ми зборувате за кампања, “образованието е моќ”? Вие ми зборувате дека треба да направиме се за да овозможиме услови за студирање и за реално влијание на студентите во управувањето, во креирањето на образовната политика? Чисто лицемерие. Затоа што вие сте свесни дека, ако некој може да го крене својот глас против политизацијата на високообразовните институции, тоа се студентите и никој друг. Заради тоа што благодарение на студентите и на оние завршени студенти кои што беа со висок просек и кои што конкурираа на Универзитетот во Штип реално очекувајќи да бидат вработени непристрасно заради високиот просек што го имале, заради тоа што заслужуваат и ги исполнуваат критериумите во име на кампањата што Владата ја води дека образованието е моќ и дека треба да се вреднува трудот, наеднаш се соочија со партиска политика и со партиски вработувања во оние високообразовни институции кои што ние ги формиравме тука заедно, заради тоа што сметавме дека вреди да се инвестира во образовнието, дека секоја инвестиција во образованието е најисплатлива инвестиција. Меѓутоа, ние не дадовме подршка да вршите партиски вработувања и да направите партиски универзитети и факултети и да вработувате партиски кадри по секоја цена, без разлика дали ги исполнуваат и минимум критериумите кои што се потребни со закон, или не. Затоа се плашите вие од студентите, заради тоа што тие имаат смелост да го кренат нивниот глас против ваквите случувања како што тоа го направија во изминатиот период. Затоа сметам дека ако најмалку нешто може парламентарното мнозинство да направи и да се огради од политиката на премиерот Груевски и на главните први луѓе во ВМРО-ДПМНЕ кои што најмалку имаат допирни точки со ВМРО-ДПМНЕ, заради тоа што се дојдени вчера во ВМРО-ДПМНЕ, а сега се најголемите гласноговорници и

најголемите бранители на ВМРО-ДПМНЕ, им даваат поуки на сите оние стари членови кои што 17 години инвестирале во таа партија, ги повикувам да не се наведнуваат против таквата политика на така да ги наречам, новите лица на ВМРО-ДПМНЕ кои што во суштина и не знаат што значи тоа, туку да застанат на оние определби кои што ги имаа додека беа во опозиција.

Да застанат на истите оние укажувања, на истите оние барања што ги има и што ги кажуваа во име на студентите во претходниот мандат кога беа во опозиција, а кога и ние ги подржувавме. А тоа дека студентите имаат право реално да бидат вклучени, со реална моќ во органите на управување на универзитетите и високообразовните институции. Да не го менувате мислењето кога сте во опозиција и кога сте на власт. Да останете доследни на своите барања. Бидејќи тоа не го направивте со стечајците, кои што денес од немоќ, после една година штрајкување и седење пред Парламентот, повторно излегоа за да ве потсетат на вашите ветувања што вие ги дававте во текот на изборната кампања, дека ќе им го решите проблемот кога ќе дојдете на власт и после тоа веднаш ги заборавивте, не ми дава право да се надевам дека ќе направите ваков радикален чекор и дека сега ќе се предомислите и наместо да останете доследни на она што сте го ветувале претходниот мандат дека кога ќе бидете во позиција дека ќе го исполнете. Ама дозволувам да допуштам уште некоја минута до чинот на гласање да се предомислите и да го направите тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Сулејмани реплика или збор? (Збор)

Да видиме кои се ќе имаат реплика.

Госпоѓа Кадриу реплика или збор? (Реплика)

Госпоѓа Валентина Божиновска, збор.

Господин Зоран Петревски, реплика или збор? (Реплика)

Госпоѓа Весна Јаневска? (Реплика)

Значи, имаме четворица за реплика.

Започнуваме со господинот Сулејмани, повелете.

**Фадил Сулејмани:** Почитуван претседателе,

Сакам да и се обратам на госпоѓица Славица Грковска, како и на други пратеници од СДСМ, кои секогаш ја дезинформираат јавноста и граѓаните и пратениците овде со интервенцијата во 2006 година од страна на Министерството, за спасот на Тетовскиот универзитет, секаде постои контрола, било да е политичка кај институциите, разните претпријатија и во тие високообразовни и има одговорност во однос навното функционирање. Во име на официјализацијата на Тетовскиот универзитет, токму од партијата на госпоѓица Славица Грковска и ДУИ. За жал, се затворија 12 факултети и останаа само три гранки наречени факултети. Веднаш Универзитетот се претвори во приватна сопственост на партијата СДСМ и ДУИ. Тука веднаш почнаа да се продаваат дипломи, да се фалсификуваат дипломи, да се прифаќа кадар без рецензија, без конкурс и самиот ректор Неџбедин Беадини беше доцент и Матичната комисија за која расправавме вчера му даде звање на редовен професор.

Значи, овде има кршење на Законот за високо образование. Човекот од доцент го направивме во редовен професор, а тоа звање треба да му се одземе. И кое Министерство, или која Влада ќе биде рамнодушна кон ова, кога гледа како една Државна институција, финансирана од државата се злоупотребува, се приватизира. Затоа, требаше да се поздрави интервенцијата на министерот Сулејман Рушити на Министерството и на Владата на ВМРО-ДПМНЕ која го спаси овој Универзитет, ги спаси студентите и кадарот и како резултат на сето ова, Тетовскиот универзитет отвори десет нови факултети во неколку насоки, благодарение на ангажманот на ректорот Сади Беџети, кој не се назначи, туку се избра по редовна постапка, како што му доликува на изборот на еден ректор, вистински ректор. И резултатите не недостасуваат. Тие се тука, постојат. Затоа, ги молам сите да не манипулираат со овој Универзитет, бидејќи интервенцијата беше многу разумна. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓице Грковска вашата минута за контра реплика, повелете.

**Славица Грковска:** Господине Сулејмани ве молам да ме слушате многу внимателно. Бидејќи имам само една минута, јас ќе се потрудам да ги доставам стенограмите од мојата дискусија кога беше интерпелацијата на господинот Рушити да заклучите во која насока беше мојата забелешка. Никаде во законот, кој што го донесоа во 2000-та година ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, а кој што се уште е на сила не пишува дека министерот може да го разреши ректорот, на начин на кој што тоа го направи овој министер и оваа Влада. Директно кршење на законот и директен упад во автономијата на Универзитетот. Во ниту еден момент не сум застанала, ниту ќе застанам во одбрана на незаконски работи кои што се случуваат не само во високото образование, туку и било каде. Меѓутоа, ве молам да правите граница меѓу овие две работи што ги спомнав.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Кадриу повелете со вашата реплика.

**Флора Кадриу:** Почитувана колешке, вие како би рекла дел на опозицијата, значи не на парламентарното мнозинство и различно од парламентарното мнозинство, секогаш со голема негативност говорите кон сето она што ДПА и ВМРО го презема во однос на прогресивноста и напредокот на целокупното општество, меѓутоа, и на нашата млада генерација. Но, јас потполно ве разбирам.

Кога велите дека вие нема да прифатите никогаш ништо за кршење на законот, значи, вие ќе бидете против она што го крши законот, тогаш,

одговорите ве молам, дали за вас не е кршење на законот, појава на девијантни појави во еден Универзитет, како што е Тетовскиот универзитет. Појава на мито и корупција, на криминал, на финансиска злоупотреба на материјални и финансиски средства. Дали тоа за вас е во ред, дали е тоа според вас, според законот. Токму ова Министерство и овој министер, токму ДПА и ВМРО овозможи елиминација на таквите девијантни појави во универзитетите, кои што го загрозуваат токму автономијата, меѓутоа и стабилноста на еден Универзитет, на една институција која што е и воспитна и едукативна и образовна. Велите, паушални решенија. Па токму вие, во времето со ДУИ, кога вие владеевте, токму тогаш беа овие паушални решенија за универзитетите. Тогаш се појавија ваквите појави, ваквите девијантни феномени. Потоа велите дека се плашиме од студентите. Дали сте вие свесни дека за прв пат после 17 години во Република Македонија, токму ова Министерство, овој концепт на ова Министерство овозможува простор за појава на плурализам на студентското движење. Токму во членот 51 се вели дека Универзитетскиот сенат ќе го сочинуваат претставници од Универзитетот, избрани непосредно и со тајно гласање од редот на професорите, односно научните советници и од студентите. Студентите сочинуваат најмалку 10% од членовите на Сенатот. Па сега, тоа е тука според документот. Вие можете да го прочитате. Не знам, меѓутоа, можам само да ви кажам дека гушењето на демократијата и скандалот не е во ред вие да го говорите тоа, затоа што напротив скандалите не се создаваат од оваа страна. Секогаш се создаваат од другата страна. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓице Грковска, со вашата контра реплика.

**Славица Грковска:** Привидение ли беше со тоа што Рефет Елмази шутираше еден пратеник од опозицијата? Привидение беше тоа што господинот Грозданов денеска ги спушти микрофоните? И вие ќе кажувате дека инцидентите доаѓаат од оваа страна. Кажете ми колку кривични пријави се поднесени против оние што направиле девијантни појави и злоупотреба на законот за она за кое што зборуваме и каков е нивниот исход. Тогаш ќе зборуваме за тоа. А инаку со голема негативност зборуваме само во оној момент кога Министерството нема да си ја заврши работата. Ние го подржавме формирањето на Универзитетот во Штип и факултетот во Битола. Концепцијата за деветолетка, со непојавувањето на учебниците за прво одделение и се покажа дека е точно. Учебници за деветолетка се уште нема и покрај тоа што не уверувавте дека ќе има. Концепцијата за матура е комплетна неорганизирана и се уште неподготвена и се уште не се спроведува. Ние ова сакате да го поздравиме?

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Петревски повелете со вашата реплика.

**Зоран Петревски:** Почитувана колешке Грковска со одговорот на оваа реплика веднаш потврдивте дека вашето време во вашиот говор го искористивте да зборувате за сосема други теми. Зборувавте за се друго, освен за темата која што е на дневен ред. Би апелирал и до вас и до претседателот на Собранието во иднина тоа да не се повторува, затоа што навистина, пред нас имаме европски закон за кој што треба да зборуваме и добро е доколку имате некакви идеи, тие едеи да ги кажете овде и да зборувате на темата.

Ве молам, немојте да се служите со термини како ВМРО-ДПМНЕ и ДПА се против студентите, затоа што ако сакавте нешто да направите добро и вие и вашиот гласноговорник по овој закон, колегата Тале Герамитчиоски ја имавте таа можност во претходните 4 години. Да направите не малку, туку многу за студентите, а не го направивте тоа. Сега овде нас не критикувате.

Она што сакав посебно да го потенцирам е тенденцијата вчера од вашиот координатор и денес од вас, се обидувате да го браните ВМРО-ДПМНЕ од ВМРО-вци. Еве јас од името на оние што се 18 години членови на ВМРО-ДПМНЕ ве замолувам да не го правите тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Грковска со вашата контра реплика една минута.

**Славица Грковска:** Почитуван госодине Петревски, проблемот е што најдобриот дел од нашите дискусии, точно се однесуваат на темата на дневен ред и точно се однесуваат на начинот на кој што оваа Влада ја исполнува еворпската агенда. Ние реагираме на начин на кој што оваа владеачка гарнитура во наводници ги спроведува европските директиви, а во суштина ги злоупотребува и нуди решенија кои што се сосема спротивни на она што ние како држава треба да го направиме. Јас ве разбирам дека вам не ви е лесно. Но, разбирам дека не ви е лесно една мала гарнитура на луѓе која што нема никаков континуитет во ваштa политичка партија ве става во позиција да гласате да ги менувате решенијата кои што адхок ни се предлагаат во законот, а кои што вие мора да ги подржите.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Јаневска повелете со вашата реплика.

**Весна Јаневска:** Благодарам претседателе.

Жал ми е што вчерашната навистина, конструктивна дискусија, денес се претвори во кавга на нешто што мислам дека воопшто не се однесува на Законот за високо образование. Но, кога веќе ја отворивме таа тема, според мене пет државни универзитети во Македонија се премногу. За жал, денес слушам дека на неколку од нив се кршел законот и тоа е очигледно. Ние сите тоа го знаеме и не треба постојано да се повторува во Собранието. Да се вратам на студентите. Ним им е доволен и еден најмал, во

кој што ќе се спроведува законот, во кој што тие ќе стекнуваат знаење и во кој она што тие го стекнале или постигнале ќе се цени и таков силен Универзитет кој она што им го дава на студентите може да го одржи во општеството. Да, се согласувам дека високиот просек е исклучително многу значаен, контактот со професорите, совладување на материјата е исклучително многу значајно и колку да нема забуна, сметам дека амандманот е во ред, дека не треба да се плашиме од студентите. Јас ќе гласам за овој амандман. Сметам дека мора да си го имаат местото на Универзитетот и сметам дека сепак, наместо да се расправаме, треба да се вратиме на она што се викаше навистина, закон за високо образование, а многу помалку политика на денешните или било кои настани, зошто повторно ќе ви се обратам госпоѓице Грковска, ако сакаме да ги примолиме оние кои немаат доволно информации за високото образование, ајде да пробаме со една друга тактика, не да ги лутиме, туку да се обидеме да им овозможиме да им објасниме дека навистина треба да гласаат, за тоа што овој закон не само што е европски, е суштествен за нашето образование според мене и за нашето општество. Жал ми е што неколку пати повторувавме што се случувало во Тетовскиот универзитет. Јас искрено се надевам министре дека откако ќе го донесеме овој закон, вие ќе се потрудите да се имплементира овој закон, затоа што тој може да биде ни малку подобар, ни малку полош, сеедно. Ако видиме дека е лош, утре ќе можеме да го поправиме, да побараме измени и дополнувања, но ако дозволиме уште еднаш да се повтори она што се случуваше во Тетово во изминатиот период или она што можеби се случува во некои од другите универзитети во Македонија, џабе го носиме законот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓице Грковска, имате контра реплика од 60 секунди, повелете.

**Славица Грковска:** Госпоѓо Јаневска и вие сте свесни, заради тоа што имате слично искуство како ние, дека без разлика на тоа колку добри предлози доаѓаат од страна на опозицијата, без разлика на тоа колку опозицијата е конструктивна за одредени законски решенија, Владата не ги прифаќа нашите сугестии, нашите решенија кои што одат во прилог на подобрување на текстовите на законите и кои што одат во прилог на исполнување на директивите од Европската унија. Тоа е трагедијата што владеачкото мнозинство ја бара конструктивноста од опозицијата, само во оној момент кога за тоа му е потребна опозицијата. Меѓутоа, не и кога се нудат добри решенија, кои што значително ќе ги подобрат законските решенија кои што доаѓаат од страна на Владата. Наспроти тоа имам една прилична позиција. Во оној момент кога опозицијата ќе предложи закон или амандман Владата не дава мислење, туку после две недели предлага ист закон со иста содржина, само колку да се рече дека Владата го направиле тоа, а не опозицијата.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Тале Герамитчиоски, повелете имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Овој е мој последен обид од онаа серија на амандмани, кои што во името на студентите ги поднесов да го убедам парламентарното мнозинство во нивната концепција. Само што не гледам дали воопшто тоа има смисла, кога на 8 души ќе им се обратам. Се јавив за збор, не да го одолговлекувам вниманието, туку да кажам дека станува збор за две разични концепции во Предлогот на законот и во предлогот на студентите. Кои се двете различни концепции кои се одразуваат и на другите амандмани. Студентите предлагаат нивно поголемо учество во Сенатот. Досега беше најмалку 10% и постојано се придуржуваа ректорските управи во делегирањето на 10% и со тоа да бидеме на чисто, и тие им сметаа.

Сега се предлага две третини од редот на Универзитетот, една третина, 50%:50% од основачот и од студентите. Сега основачот молчи. Не ни знаат дека е предложен основачот, т.е. Собранието на Република Македонија со свои претставници да учествува во Сенатот. Беше предвидено само во Универзитетскиот совет, сега со овој Предлог и во Сенатот. Не ги интересира. Ова е суштински, инаку не сакав да се јавам за збор, ова е суштинската разлика во концепциите на законот и нивниот предлог.

Ни беше сугерирано и порано дека во Сенатот треба да има претставници од страв досегашното постојано еклатантно нарушување на автономијата на Универзитетот и предлозите од страна на основачот да не се претворат во внатрешно роварење на политички структури, што во крајна линија на индиректен начин сепак ќе може да се оствари. Но тие предлагаат наместо 10% сега да имаат најмалку 17% учество во Сенатот. Лесно е пресметливо. Предлагаат ректорот да не биде по автоматизам член на Сенатот како што е во членот на Законот, по должност и тогаш ќе отпаднат оние други амандмани за кои сега ќе дебатираме, кои се клучни. Не може тело кое те избира и кое може да те разреши, да го раководиш, и да бидеш извршен орган на тоа тело не е исто. Според другите членови, извршен орган е ректорот на Сенатот, а истовремено значи да управуваш со него и да ги составуваш точките на дневен ред на Сенатот. Тоа е без преседан, за тоа ќе дискутираме, но концепцијата на студентите е сериозно различна од оваа.

Јас не ви забележувам што не го прифаќате тоа и не се обраќам на министерот, за жал, нема на кого да му се обратам. Ако основачот не сака, ова е последен обид, друг амандман нема. Ова е последен обид основачот да има учество во Сенатот на секој универзитет. Имајќи предвид дека немаме увид што се случува на државните

универзитети, на вас е да процените дали ве интересира што се случува таму преку наши претставници или не ве интересира. Студентите и не сакајќи самите сакале да го зголемат своето учество, допреле до суштината на различната концепција во тој дел. Во натамошниот дел на нивната концепција да се избира претседател итн., ќе дискутираме по другите амандмани, да не се дуплираме, јас навистина, не сакам да го узурпирам времето. Ако сака мнозинството, нека не поддржи.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот министер за образование Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Благодарам.

Сметам дека кога се подготвуваше Законот беа вклучени сите претставници на универзитетите а секако беа вклучени и беа земени предвид идеите на студентите. Имаше една долга јавна расправа, беа земени предвид и сугестии кои беа кажани од комисии од страна на опозицијата. Сега кога се расправа за Законот, дас не бидам сфатен погрешно, ќе ги искажете вашите мислења, но сметам дека за дел од прашањата веќе се договаравме, дел од амандманите се прифаќаат и дел од нив ќе се прифатат, но сакам да укажам само на нешто.

Колку што знам, вакво решение нема во ниту една европска држава на ваков начин како што е предложено. Кога велиме дека студентите ќе имаат доволна можност да имаат претставници во ореганите на Универзитетот, тогаш тоа е составен дел на ова решение на Предлог законот што ние го доставивме. Ве молам, ако сакате да не уверите, дајте ни една компаративна анализа во која друга европска држава или држава која е потписник на Болонската декларација има вакво решение и ве уверувам дека тоа ќе го прифатам. Значи не се работи ниту за суети, се работи за модели, се работи за еден закон кој помина низ компаративна анализа, низ споредба со другите закони на европски земји и ваквите решенија кои се предложени - спомнавте господине Герамитчиоски, каде има ректорот да раководи со седницата на Сенатот. Во таа држава која јаземаме секогаш како компарација, во Словенија и во сите други европски држави. Ве молам, да се фокусираме на нештата.Ние имаме една многу важна реформа во образованието и во високото образование, а тоа е создавање на интегрирани универзитети. Сфаќам дека некој има право да чувствува грижа, бидејќи секогаш кога нешто се менува, кога се донесува нешто ново, тогаш луѓето кои традиционално работеле на тие универзитети со традиционална организација, која е поинаква од оваа што сега ја предлагаме или со тоа што се обврзавме како држава со потпишувањето на Болонската декларација, значи сепак треба нешто да менуваме. Сепак сметам дека ние не можеме да бидеме единствената држава меѓу 58 држави потписнички на Болонската декларација, која ќе предложи еден нов или еден друг модел на тоа што студнетите би имале интеруниверзитетска или студентски парламент кој би бил орган на универзитетот. Сметам дека тоа не можеме да го прифатиме, бидејќи не можеме да прифатиме нешто што барем во тие други држави не поминало како модел или немаме доволно други држави барем за компарација. Токлу би кажал.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓо Грковска, повелете со вашата реплика три минути.

**Славица Грковска:** Сакам само да го замолам министерот да не ги користи ректорите како изговор за одредени законски решенија. Јас го кажав тоа и во една од претходните дискусии, Владата е таа што предлага, меѓутоа, конечната одговорност за тоа каков закон ќе излезе од ова Собрание е најмногу на пратениците, најмногу на пратениците од парламентарното мнозинство заради тоа што реално тие ја имаат моќта во овој собраниски дом. Најголемата одговорност за тоа каков закон ќе излезе од оваа сала, дали тоа ќе биде закон што ќе го заслучи знакчето на Европската унија или не ќе биде на пратениците на парламентарното мнозинство и на Владата на Република Македонија. Сите наши сугестии одат во прилог на исполнување на директивите на Европската унија, исполнување на обврски што Република Македонија ги преземала во тие рамки да го зголеми учеството на студентите во органите на управување и во начинот на управување во високо образовните институции и во универзитетите.

Затоа, ве молам, немојте да ги користите ректорите ако изговор за одредени решенија кои вие како влада сакате да ги протуркате во овој закон, а се потполно спротивни од европските директиви.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Контра реплика има господинот министер, Рушити.

**Сулејман Рушити:** Само накратко, со целосна одговорност не протуркуваме закон, туку во Предлогот на законот за кој расправаме сметам дека се внесени најдобрите и оптимални решенија. Овој закон е европски закон и сметам дека не само сега, туку и после неколку години одговорноста прво ќе ја сносам како министер и нормално дека Владата ќе ја сноси оваа одговорност. Сакам да ве уверам дека нема никакво конспиративно дејствување или протуркување.

Само сакам уште нешто да ве замолам, или да го замолам господинот Герамитчиоски со кого се договаравме пред да почне седницата кои решенија да бидат прифатени и да се расправа по законот, но со замолница да се увои денес или утре, и што побрзо да се почне со имплементација, што е исклучително важен дел на овој закон. Не се работи за некакво протуркување и не се работи за бегање од одговорноста. Напротив, одговорно стојам зад овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Весна Јаневска, повелете со вашата реплика.

**Весна Јаневска:** Благодарам.

По излагањето на министерот, за волја на вистината морам да кажам дека одлично искуство, таму каде што јас сум одела на одредени универзитети, навистина има земји каде што ректорот ги назначува, деканите, но тие земји не се Македонија, за жал, и во тие земји јас не сум слушнала со години station наназад да имале афера како што имавме ние во овие 17 години. Затоа си дозволив, така е, има такви земји и овој закон не е надвор од некои воспоставени правила, универзитетски правила во западноевропските земји, но јас се плашам дека веќе еднаш воспоставен принцип на демократија, кој навистина беше воспоставен, значи да се тргне од базата кон врвот на пирамидата, можеби прерано го вклучуваме кога се уште не сме спремни, затоа што и блиското и подалечното минато ни укажувале дека имаме проблеми во однос на спроведувањето на демократијата, дури и на универзитетот. Сметам дека е обврска да се најде начин да се зголеми учеството на студентите во Универзитетот, затоа што, повторувам, јас се извинувам, можеби веќе станав и здодевна, но со оглед на тоа дека малку ме слушаат а разбираат за што зборувам нема да ми замерат. Студентите како и многу други во Универзитетот во минатото беа манипулирани, нивниот глас или се злоупотребуваше или се манипулираше и имавме такви случаи во сите овие 17 години и лично сметам дека ако се зголеми нивното учество ќе се намалат ваквите негативни појави, барем во однос на нив. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега збор има госпоѓа Валентина Божиновска,повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам почитуван претседателе.

Уважени колеги, Тале Герамитчиоски и госпоѓа Славица Грковска, нема да бидете осамени во предлогот, апсолутно се согласувам од две причини. Бидејќи сметам дека во Република Македонија најголемата, најмоќната интелектуална сила се студентите. Но, она што ние децении наназад го правиме и се обидуваме да го имплементираме со законот е она што за нас разбуди и многу непознаници и многу недостатоци и можеби се уште се привикнуваме на тој начин на имплементација, кредит, трансфер системот.

Што е всушност она што беше императив во Болонската декларација и во Советот на министри? Беше дека рамноправно имаше за право студентот да добива не три, не 4 часа, она што малкумина унвиерзитети го прават, еден од тие е и нашиот факултет почитуван претседателе, Факултетот за драмски уметности, без да знаеме дека постоеше на времето кредит трансфер системот обраќавме внимание на секој студент од 4 до 8 часа индивидуално. Значи оние хартии кои ние потполнуваме на крајот за оценка од 5 до 6, од 6 до 7, од 9 до 10 и ги бодуваме студентите е всушност значењето на дел од Болонската декларација, повеќе степен на наука и на индивидуално познавање меѓу професорот, негово влијание, негова дисциплина, негово креирање, во знаењето на студентот и обратно, системот на рефлекси, колку може да го запознае професорот сопствениот студент и колку знаење, умешност и креативност ќе му внесе на својот студент. Оттаму, нам по малку и тешко ни доаѓаат тие формулари кои ги потполнуваме на крајот од време, часови и мигови, колку се има поминато.

Но, она што сакам да го кажам е следното, дека важниот императив не беше само натпреварот на високото образование и интеграцијата меѓу другото, почитуван министер, туку беше и взаемниот инструмент на што повеќе и побрзо вклучување на студентите во Универзитетот, односно унвиерзитетскиот Сенат и во нивно рамноправно одлучување во Сенатот, како тие да се доближат и да го креираат високото образование. Така е министре, во право е и вашата сугестија дека ние сега можеме да претпоставиме, но така е и во Хрватска и во Словенија, чинам дека дел од овој закон кој го носиме е многу суштински, го препознавам во законот од Хрватска и Словенија. Но навистина ќе треба да го имплементираме прво и да увидиме колку всушност нам ни недостига во тој број на проценти во делот на студнетите, дали ќе биде 10 или 12. Јас мислам дека што поголем број на студенти внатре е многу поважно, нивната делегираност ќе ни биде нам значајна какио рефлексија што е тоа што недостига во високото образование, што е тоа што е недостаток од страна на наставно научниот совет, односно од редот на професорите и како да ја зголемиме заедничката доверба. Така што јас како пратеник ќе гласам за овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Васко Шутаров има реплика три минути, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани претставници на Министерството за образование и наука, почитувани колеги,

Ако е за некоја утеха и ако можам на некој начин да го сублимирам она што го кажаа колегите дека е спротивно со два различни концепти, да кажам нешто што е емпириско или докажано, фотогравско просто. Од 1980 до 1995 година, 15 тогашни членки на Европската унија направиле 352 измени во нивниот концепт за високо образование. Не сметам дека членот 51 е идеален и за вјек и вјеков, совршен, не сметам дека амандманот кој што е поднесен и кој што колегите го бранат е совршен, сметам дека е една добра трага но со одредени технички

недоследности. Постојат и други концепти. Почитуваната колешка Божиновска го спомна хрватскиот и слоенечкиот.Вчера спомнав нешто што е суштинско. Сметам дека студентите се на некој начин заведени од некаков 68 - ашки ентузијазам кој секој од нас што бил студент си го носи во себе, мислејќи дека од нив ќе се променат сите нешта на универзитетот.

Болонскиот концепт прави една разлика меѓу она што е одмерување или оценување, од она што е споредбена референтна вредност и она што е бројка. Ние овде денес ќе заглавиме точно по овој амандман, токму на бројката и пак ќе кажам дека ова не е суштинско. Суштинското не е во процентот, биле 10% како во минатиот закон и сегашниот, биле 10 плус 5% како во хрватскиот. Сметам дека треба да се направи диференцијација баш на она што се вика бенџ маркс, каде што студентите ќе имаат подруга улога, односно на она што се вика споредување на референтни вредности. Вчера спомнав еден концепт кој што го има во хрватскиот закон, го спомна и колешката, а тоа е дека суштински се менува учеството на студентите во управувањето не само низ форма на бројката, туку низ суштинската форма на одлучување, низ форма што вчера ја спомнав, суспензивно вето, низ форма на други надлежности на Сенатот кој што и те како го менуваат квалитетот на студирањето.

Затоа сметам дека и двата концепта со тек на време можеби ќе доживеат некое доусовршување, може ќе бидат процентуални, но сепак сметам дека суштинското се однесува баш до она што е кредо на Болонскиот процес, се менуваат концепциите во оценувањето, одмерувањето а не оценката или бројката. Благодарам..

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госодин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Се јавив во поддршка на амандманот, но во услови кога треба да го убедуваме парламентарното мнозинство кое во овој момент има 7 пратеници од ВМРО ДПМНЕ и еден пратеник од ДПА, станува апсолутно непродуктивна една дискусија и обид да се убедат тие пратеници што се останати од ВМРО ДПМНЕ во салата, можат да употребат и 100 странски зборови во една минута, ама пак не можат ништо посуштински да кажат. Секој што има свој концепт е должен, бидејќи сме пратеници во Собранието на Република Македонија на сите граѓани да дадеме свој придонес во секој закон, без разлика дали припаѓаме на парламентарното мнозинство или на опозицијата. Од после не треба многу да попуваме, уште и тоа да го правиме како алиби за да се бајпасира масовното неприсуство тука на парламентарното мнозинство.

Инаку, господине министер, џабе ни е вашето отповикуквање на одговорност кога вие секако ќе одите како друг министер на друго министерско место, така што залудно ни е тоа што ќе се повикате вие кога јавно. . .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, господине Макрадули, тоа се други работи.

**Јани Макрадули:** . . . кога јавно во петокот ректоратот излезе и тоа го прочитавме во медиумите дека не се согласува со последното решение и дека тоа не е усогласено. До седницата на Влада имавте усогласено решение. На седницата на Влада се направени измени кои ректоратот не ги поддржува и тоа го прочитавме во медиумите. Затоа, да не се повикуваме на нив, парламентрното мнозинство е отсутно, јас не можам да се повикам на нив да гласаат, вие ќе си отидете на друга позиција, така што се откажувам од понатамошната дискусија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господинот министер Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Ректоратот или ректорите не се согласуваат со две решенија. Едното решение, со амандман ќе биде решено денеска. Дека ректорот има право да предава, до 30%, но има право да предава.

Другото решение дека ректор може да се избира и од друга институција, односно да не мора да биде од истата институција. Мислам дека и тоа е решение што псотои во сите други европски држжави и мислам дека не му штети на ниту еден кандидат за ректор илина ниту една иснтитуција образовна.

А тоа, дали јас ќе одам, Јани тука ќе бидам и неколку време ќе ви досадувам, без разлика што вие многу сакате да си одам. Ве уверувам дека ќе се гледаме и понатаму. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ова беше симпатично.

Господине Макрадули имате реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Не господине Рушити, јас сметам дека сте вие еден од ретките успешни министри во Владата на Република Македонија, така што не мислам дека вие треба да бидете тој кој ќе бидете реконстуиран.

Пробелмот е што во вooј момент 7 министри на Владата на Република Македонија се во оставка. Имаме реална политичка криза во овој момент што не зависи ниту од вас. Се натпреваруваат претседателите на партиите во Владата кој на кого повеќе оставки ќе побара од своите минситри, така што вие не сте, ниту јас, тука криви. Ќе си досадуваме еден на друг, имаме време до тогаш кога ќе се решимена предвремени избори. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас енергично се против против формулата да си досадуваме едни на други. Сакам формула да соработуваме едни со други.

Бидејќи нема повеќе пријавнеи за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Давам петмиутен прекин за кворум.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,21 часот).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата затоа што не очекува гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, а службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Бидејки во салата има доволен број на пратеници, ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, за гласале 11, воздржани нема, против 42 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член 51 за додавање два нови става 4 и 5 по ставот 3 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, за гласале 8, воздржани нема, против 42 пратеници.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници, бидјеки е мал бројот на оние кои гласале.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Гласањето е валидно.

Констатирам дека гласале 50 пратеници, за гласале 8, воздржани нема , против 42.

Според тоа , констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член 51 за додавање  нов став  5 по ставот 4 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски.

Повелете господине Герамитчиоски, имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Ова е еден од суштинските амандмани за кое што сакам да дискутираме.

Ова е амандман во кој што предлагаме Сенатот да има претседател, кој ќе биде избиран со мнозинство гласови од сопствените редови и ќе претседава со седниците на Сенатот. А не како што е во законското решение, ректорот да заседава со Сенатот.

Го знам ставот на министерот и на Владата, но дозволете да ги кажеме нашите аргументи.

Ова решение, до сега, беше вградено во постојниот Закон и имплементирано во работењето на универзитетите. Зошто не е добро ректорот да управува со Сенатот? Затоа што, почитувани колеги, во најблага смисла кажано, не може орган на Универзитетот, како што е ректоорт, кој треба да ги извршува одлуките на Сенатот, да претседава со истите или уште повеќе, да ја диктира работата на друг орган. Два оргни на Универзитеот, споени во еден орган.

Можеби тоа решение е присутно во други земји, но не заборавајте, таму универзитетите се поставени на поинаков начин. Таму имате борд на директори кои се грижи за материјално-финансиското работење, во кој што значителен прилив на средства на Универзитетот има и од други страни. Овде, мака ќе мачиме како да ги распределиме буџетските средства што ги дава државата кон Универзитетот и што треба да бидат распоредени.

Внимателно слушајте ме. Ако не се ова аргументи, ќе се повлечам.

Во членот 52, каде се дефинирани надлежностите на Сенатот, стои следното, тоа е алинеја 12:

“Го усвојува годишниот извештај за работа на Универзитетот”.

Алинеја 13 “Усвојува годишен финансиски план на Универзитетот”.

А, замислете ректорот е надлежен за годишниот план на работата на Универзитетот и фианнсиското работење. Самиот себе си си предлага годишен план за работа, си го усвојува извештајот од годишниот план, сам себе си си дава годишен финансиски план за работа на Универзитетот, сам си го усвојува извештајот на финансискиот план.

Понатаму пишува: “Избира и разрешува ректор и проректор на Универзитетот”.

Е како ректорот ќе управува со Сенатот,што го избира и разрешува? Навистина, навистиан имате судир на два органи. Можеби е така ако претходно не сте дефинирале кои се органи на Универзитетот. Во членот 50 пишува дека органи на Универзитетот се Универзитетски сенат, Ректор и Ректорска управа. Сега, трите органи на Универзитетот зависат од еден човек. Ректорот, сам од себе, Ректорската управа тој ја управува и Сенатот тој го управува. Па, што ќе му се тогаш?

Тогаш дајте да ги укинеме, нека не постојат, бидејќи секако тој ќе управува со Универзитетот и ќе ги носи одлуките.

И, уште повеќе, го потврдува изборот на декан, односно директори на единиците на Универзитетот што го извршил ректорот. Овде зборувам за Сенатот. Што ќе потврдува Сенатот кога ректорот управува со него, а претходно го извршил изборот. Ајде, да не бидам вулгарен во примерите, но навистина нема смисла значењето на мешањето на ингеренциите.

Повторно ќе кажам, можеби во некоја развиена демократска земја, во која се знае од каде доаѓаат средствата за финансирање, во која се знае како ќе се спроведува контролата на работењето на Универзитетот, во која ќе се знае дека има контролен механизам против злоупотреба на овие функции, во ред се овие концепти. Со полна совест би гласал за.

Ама кај нас има ректор кој, прочитајте го Извештајот што ние го доставивме до овој собраниски дом за работењето на "Свети Климент Охридски" во Битола, ректорот разрешува директор на Висока медицинска школа,  мимо законот во кој што треба да образложи зошто го разрешил, нему лично да му го достави и уште повеќе, на Наставнонаучниот совет на Високата медицинска школа да го достави. Тој не го доставува. Ајде што го разрешува по стариот Закон, наставнонаучниот совет на така разрешениот директор на Високата медицинска школа, треба, има можност да постави в.д. декан во период од 30 дена. Ректорот вели - ма како, вие ли мене ќе ми кажувате. Веднаш, другиот ден, во Судскиот регистар впишува друг директор на Високата медицинска школа.

Законот вели дека ректорот треба да ја почитува одредбата, ако веќе псотавува в.д. декан, в.д. директор на школа, да биде од редот на редовните или вонредните професори, до колку ги нема во таа институција, може да постави доцент. Ректорот на Битолскиот вели - ма како, мене  законот ќе ми кажува. Назначува доцент другиот ден.

Ние доставуваме Извештај, Просветната инспекција оди таму, утврдува нешто, кој ќе му стави крај на самоволието на ректорот. Сенатот? Не може Сенатот. Управува тој. Министерот не му стави крај, за жал, ја пропушти можноста. Можеби го уплашивме со тоа што на Тетовскито универзитет постапи така остро, си рече да не отворам конфронтација на две страни, дај тука да си помолчам.

Шегата на страна. Сериозна е состојбата.

Друг пример. Пред неколку години наназад истата ситуација на истиот Универзитет се повтори. Ректорот разрешува декан без соодветна елаборација зошто тоа го прави. Го бајпасира  Наставнонаучниот совет и  покрај тоа што Наставнонаучниот совет има право да се изјасни. Ја дерогира улогата на професорите и нивното законско право. Назначува нов в.д. декан на друг факултет. Судот го поништува тоа и жално е што Судот може да се меша во таа работа. Зошто воопшто граѓански спор да се создава, кога во првите членови на овој закон секогаш пишувало дека споровите на Универзитетот се решавале по академски пат, со спогодба.

Сега, ако пак ректорот се избира политички, ако ректорот има ингеренции да изврши избор на декани и директори, тогаш во амбиентот наречен Република Македонија, ситуацијата поприма драматични размери. Тогаш, јас не знам како очекувате да имаме разбирање за ова законско решение, кога во пракса на широко, на најсуров начин се чувствува политиката во високото образование.

Жал ми е што во еден чувствителен момент, во кој што нашата држава,како потписничка на Болоњската декларација треба да изгради интегриран универзитет во кој се подразбира дека ректорот треба да има повисоки права. Но, многу е опасно, верувајте, многу е опасно, ако нема контролен механизам. Контролен маханизам на таа зголемена власт.

Во коај одредба, ве молам, пишува дека ректорот, ако не го почитува законот, ќе биде санкциониран. Затоа инсистираме Сенатот да биде корективен орган на ректорот. А, ние имаме друг амандман за што ќе дискутирам подоцна, ако постои добра волја да биде прифатен, тоа ќе биде добро. Ако деканот биде разрешен неправедно или директорот на Високата школа, кому има право тој да се жали? Никому. Тогаш, самоволието ќе биде максимално присутно. Тогаш ќе имаме по партиски клуч, не би сакал да верувам, но е голема веројатноста.

Да не ширам повеќе, ова решение не содествува на сегашниот момент на општествена зрелост во Република Македонија. Немаме услови во овој момент ректорот да го поставуваме во функција во која што кадија те тужи, кадија те суди. Праксата покажала и ќе покаже, сакам да кажам дека е ова клучен амандман, не очекувајте подршка ако остане вака. Нема шанса да има зрела демократија во универзитетски амбиент, кога се ставате во рацете на човек, кого политичка гарнитура го псотавува на власт. Тешко на онаа држава во која што, во институциите каде е сконцентриран најголемиот умствен потенцијал на земјата му носите политичко лице кое ќе управвуа со сите други активности на таа институција.

Можеби овие зборови се претешки, но овде можам да ви изнесам без број примери во мојата 22-годишна универзитетска кариера како се злоупотребувале и никогаш, ама буквално никогаш ни еден не бил санкционирал заради прекршување на закон. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Сулејмани барате реплика или збор?

Повелете, имате три минути за реплика.

**Фадил Сулејмани:** Сакав неколку објаснувања во врска со дискусијата на господинот Тале Герамитчиоски да дадам. Станува збор за една пристрасна дискусија. Сакам да кажам дека пати од страв дека овде политиката е кон Универзитетот и ректорот ќе стане диктатор, но не стои така и не е така, се тече со процедура. Ректорот се избира на конкрус, било да е интерен, сите тие кои се на Универзитетот ги исполнуваат условите, но законот дозволува и надвор од Универзитетот, што не е лошо, може да конкурира и лице од надвор. Деканите се избираат од факултетите, од наставно-научните совети се предлагаат. Исто така, и членовите на Сенатот се избираат од настано-научните совети на факултетите. Деканите го составуваат Советот, а Сенатот го сочинуваат претставниците на еден факултет, така што не се исти органи, не се дуплираат функциите, не се дуплираат функциите ниту во Советот, ниту во Сенатот. Ректорот нема право на глас во Сенатот, но ќе раководи и со едниот и со другиот орган. Во тоа нема ништо лошо, така беше и во минатото. Нормално, политиката не може да биде рамнодушна кон институциите кои ги финасира и ги основа. Овде има процедура, има постапка, ректорот може ако постои иницијатива за разрешување на еден член на Сенатот, исто така и за разрешување на деканот во одборот, но повторно се гласа за тоа и доколку нема конкретни факти, тој не може да ги разреши истите. Затоа не треба да ги мешаме работите и да ги мешаме нештата дека ќе се случи нешто лошо. На крајот на краиштата, овој закон е проучен, спореден е со закони на други европски држави кои се пред нас и ние треба да учиме од нив, бидејќи тие го поминале ова, знаат повеќе од нас и на крајот на краиштата, ако сакаме да се интегрираме во Европа и да имаме интегрирани и либерализирани универзитети, треба да се приклучиме кон Европа и вака ќе одиме напред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Герамитчиоски, вашата минута.

**Тале Герамитчиоски:** Кога професорот Божидар Маслинков беше ректор на Битолскиот универзитет, а јас бев член на Сенатот, тогаш според законот требаше да поднесува годишен финансиски извештај. Три години со ред му баравме извештај, тој не поднесуваше, немаше механизам да се поведе негова постапка за разрешување. Кога не беше, кога не раководеше со Сенатот! А сега, кога раководи со Сенатот, нема шанса да поднесе извештај за своето финасиско работење. Можам и десет други примери да ви кажам, или очекувате во Штипскиот универзитет каде што сегашниот ректор по политичка линија е поставен да поднесува извештај до Сенатот во кој тој го изврши изборот на Матичната комисија на 192 професори за прва година?! Ајде ви се молам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Министерот за образование ќе има предност госпоѓо Секуловска, а после вие со вашата реплика.

Повелете господине минстер.

**Сулејман Рушити:** Благодарам претседателе.

Само една кратка, многу кратка интервенција. Мислам дека тука разговараме и за можни модели. Во предлогот на законот кој е даден земени се најоптималните решенија во другите држави. Господиниот Герамитчиоски знае дека има држави каде што ректорот не се избира, туку се назначува. Тоа се некои други модели и ние сметаме дека со вакво решение ќе бидеме хармонизирани и стандардизирани со поголем број европски држави, односно држави кои се потписнички на Болоњската декларација, а цело време ова се повторува и сметам дека отвора една монтескиевска идеа, која вели во една држава не прашувајте какви закони има, туку колку тие се почитуваат. Сметам дека ние треба да зборуваме за вредноста на законот, а не за тоа колку тој во иднина ќе се почитува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Имате реплика господине Герамитчиоски на излагањето на министерот? (ДА)

Повелете три минути, вие имате почитуван министер контра реплика една минута.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван министер, вие што туку одговоривте на нашата дилема. Значи, не е проблем напишаниот збор во законот, туку колку тој се почитува. Ние сметаме дека во овој даден момент не може да се пресликаат спецификите кои ги красат законите за високо образование на поразвиените земји, каде што вакви примери какви што посочив отсуствуваат заради традиција, заради некоја етика, заради некакви казни кои постојат таму, заради ставање на столб на срамот во општеството ако некој си дозволи узурпација на функција ректор, која е една од најпрестижните и секаде е најпочитувана во државата. Јас го поставив тоа прашање преку овие примери, каде се контролните механизми во овој закон за да не се случи тоа, а перманентно се случува во Македонија истото. Нашиот страв е оправдан и ние тоа го отвораме како дилема, дали во овој момент сме зрели за копирање на решенијата од држави кои ги посочивте. Ако е така, зошто и другите сегменти на животот едноставно овој Парламент не ги копира законите од повеќето поразвиени земји членки на Европската унија каде што многу добро се регулирани сите проблематични, невралгични точки на функционирање на општеството и да ја завршиме работата за месец дена. Ама за жал не можеме, ова е Македонија, не е Шветска или Норвешка. Овде не е така како што изгледа, едноставно луѓето си го толкуваат тоа што ќе го прочитаат од законот онака како што им одговара и ако не го санкционира некој тоа, тогаш имаме проблем. Проблемот станува уште поголем ако нема кој да го санкционира и разреши тој

проблем. Јас посочив на моменти во кои - овие одредби постоеа и порано - се злоупотребуваа. Што ако тој ректор продолжи и понатаму со политизација на Универзтитетот. Ќе му се организира пуч? Како тоа ќе се спроведе?

Мислам дека не е добро за демократијата. Тогаш да направам една паралела. Ајде Никола Груевски како претседател на Владата нека дојде нека управува со овој Парламент, по некој ред на нештата тоа и го прави, ама барем теоретски не е така на хартија и сега, ви се молам, извршна власт која што ректорот ја има и одлуките на Сенатот да ги спроведува, ги креира, тој ги поставува на дневен ред на Сенатот, ако одлучи, нема некоја жалба на професор или на разрешен декан да ја стави точка на дневен ред и ќе ја одолговлекува, тоа е страшен инструмент во рацете на еден човек, внимавајте.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине министер, контра реплика, повелете.

**Сулејман Рушити:** Јас сметам дека има доволно решенија во законот каде се коректира, ако можам така да се изразам, работата на ректорот, од основачот, надзорот итн. Ако отвораме прашање дали ние сме зрели ова решение кое сметаме дека може да предизвика некој хаос, со таква логика, тогаш ќе ги отвориме сите дилеми дали сме ние зрели да пристапиме кон интегриран Универзитет.

Јас сметам дека не треба да одиме со толкави предрасуди кон академската јавност, тоа се угледни професори, сепак може да се случува, како и во секоја институција, да има проблеми, но има доволно органи во државата кои сметам дека ќе ги корегираат понатаму ако се случува.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Секуловска, со вашата реплика на излагањето на господинот Тале Герамитчиоски, вашите три минути.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам почитуван претседателе.

Го слушав колегата Герамитчиоски внимателно и сакам да кажам дека зборува за концентрација на огромананата моќ на ректорот со овој закон за високо образование. Со тековниот Закон за високо образование има исто таква огромна моќ во рацете на деканот. Она што сега го зборува Тале Герамитчиоски за ректорот во овој момент важи за деканите на факултетите. Но бидејќи законот за високо образование што е пред нас го промовира концептот на интегриран универзитет, нормално е ингеренциите и моќта на ректорот да бидат зголемени од досегашните.

Понатаму, голем дел од мојата реплика ја кажа и министерот за образование господинот Рушити, а тоа беше дека станува збор за избор на модел на менаџирање, односно на организирање на работењето на Универзитетот. Ние, односно оваа Влада, предлагачот, Министерството за образование и наука го избрале тој модел каде што ректорот ќе претседава со Универзитетскиот сенат.

За информација на јавноста и на колегите пратеници, ваков модел каде што ректорот претседава со Сенатот и е претседател на Сенатот имаме во Хрватска, односно во законот за високо образованите на Република Хрватска, каде исто така ректорот претседава со Сенатот и е претседател на Сенатот. Во другите држави е поинаку, ректорот е само член, има претседател на Универзитетски сенат, ова што го кажува господинот Герамитчиоски. Значи, тоа е прашање на модалитет, избор од страна на предлагачот.

Јас не гледам причина поради која не би требало да го прифатиме предлогот онаков каков што е даден во Законот за високо образование, бидејќи сепак е тоа еден модел што сме го избрале и не е во спротивност со некои други закони, а јас не би сакала како Тале Герамитчиоски да размислувам дека се е политизирано и се ќе се политизира, затоа што и сега во моментот имаме политизирани декани итн, избори и слично. И претходно, сум на стојалиште како него од оваа сфера практично да се маргинизира и да нема политизација, меѓутоа, за жал, врз база на претпоставки што ќе се случи ако ректорот направи тоа и тоа ние не можеме во овој момент да се повикуваме и да се базираме на тие претпоставки. Ние сега донесуваме закон и треба да се изјасниме во однос на законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Герамитчиоски, сакате контра реплика или збор? (Збор)

Тогаш збор има господин Никола Поповски, па вие.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Господин министер, според тоа како се одвива дебатата, мислам дека вашиот став е многу цврст од тоа што го гледаме и не чувствувам дека ќе попуштите. Од друга страна гледајќи кои се репликите на луѓето од ВМРО-ДПМНЕ и ДПА станува јасно дека амандманот нема да го прифатат, што значи дека господинот Тале и господинот Макрадули поднесоа амандман кој за жал, нема да помине. Меѓутоа, сакам сепак да го соопштам следново.

(Реакции)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ве молам.

**Никола Поповски:** Не ми пречи мене господин претседател, нека довикуваат.

Прво, не сум сигурен дека ова решение во Законот временски ќе го издржи тестот. Знаете овој закон сме го носеле многу пати во Парламентот, постојано се лавира од лево на десно, не во политичка смисла туку во решенија и сум уверен дека некоја наредна комбинација на луѓе во Владата, без разлика од која политичка опција, лева или десна, ќе го отворат ова прашање повторно. Затоа што секогаш ќе најдете приврзаници и на едниот и на другиот модел. Се додека моделот се надгласува во Собранието отвора секогаш ситуација во која оние што се

надгласани, кога ќе се сврти ситуацијата, ќе го сменат решението. Токму тоа го прави и образовниот систем како и многу други системи во државата, проблематични, односно процедури во кои постојано се носат статути на ректоратот, па на Универзитетот, па на факултетите, па закони се менуваат, па подзаконски акти и суштински работиме во една несигурна ситуација за многу решенија.

Ова решение е едно од оние кое можеби требаше да се дискутира малку подолго, да се најдат компромиси и на крај да кажат сите добро, како за Рамковниот договор, ова се решенијата од кои нема да отстапуваме во идните не знам колку години. Исто како и законот за празниците, една дигресија: надгласани се овде закони за празници и со првата промена на власта, пет шест од нив ќе бидаст гилотинирани. На државата не и треба ситуација во која за вакви прашања - се надевам не употребив некој стравичен збор.

**Љубиша Георгиевски:** Да, освен гилотинирање.

**Никола Груевски:** Да. Па вашата Влада за гилотинирање објавува реклами 6 месеци во секој месец. Следите, нели?

Што значи, дека решенија кои постојано ќе се преиспитуваат се решенија за кои треба да се свика малку поширока дебата.

Исто така, сум малку непријатно изненаден од десетина високошколски институции во Република Македонија, кои во текот на оваа дебата повеќе се срамежливи отколку што се транспарентни. Штета што овие работници напред, кои се, грото од нив, со пониско од средно образование се потранспарентни во своето мислење, отколку членовите на универзитетските институции, кои се се нешто задскриени, никој не сака јавно да каже што мисли или ќе каже нешто, ама вие од пратениците кажете го нашето мислење итн.

Сега сакам да ви кажам на вас 4 примери, бидејќи вие се повикавте на западен модел. Во Италија за да станете министер може да сте член на Парламентот и да бидете и министер, но не мора. Во Британија за да бидете министер мора да сте член на Парламентот, нема избор поинаков. Зборувме за западни земји, Бугарија, Албанија уште малку ќе станат западни. Во Америка за да станете член на Владата, немате никаква врска со Парламентот, со Конгресот, туку одите на директни избори и за Конгрес и за Влада. Таму знаете дека премиерот е претседател. Еве ви три западни примери во кои вашата позиција е апсолутно дивергентна една од друга, и тоа три потврдени демократии, британска, американска и италијанска. И се надевам дека не можете да забележите на ниту една од тие три демократии дека не е демократска, на ниту една од тие три држави. Сите три со свој модел имаат демократско уредување, што значи дека и моделот кој овде го бранат пратениците Макрадули и Герамитчиоски со амандман, а некои од нас се придружуваат на амандманот во размислувањата, имаат легитимно право да мислат дека членот 51 и 53, кои го уредуваат Сенатот и ректорот, се создадени на начин кој дава повеќе за право на нив амандманот да им се прифати. Ако го прочитате членот 51 од вашиот закон, таму пишува: “Универзитетскиот сенат е” и му се дадени две функции, орган на управување, едно, и стручен орган, две. Недостасува уште една функција на Универзитетот согласно законот и таа е утврдена во членот 53, ректорот е раководен орган.

Сега сакам да сумирам што ми е поентата. Сите три органи на Универзитетот, а тоа се органот на управување, органот на раководење и стручниот орган, нема четврти, се раководени од едно лице. Добра паралела направи господинот Герамитчиоски. Тоа е како во Република Македонија претседател на Владата да е претседател на Влада, по функција да претседава со Парламентот и да е на чело на регулаторните или стручни органи кои ги избира Парламентот во Република Македонија. Значи, едно лице раководи и со стручно, и со раководно и со управно тело. Според мене, тоа решение можеби поминува и еве кажувате примери дека на запад има универзитети кои така функционираат. Во ред, меѓутоа, има и универзитети што функционираат поинаку. Мислам дека не е тука системот на докажување какви има. Има, затоа ги набројав примерите од парламентарните демократии. Има и вакви и такви, проблемот е кој е пофункционален. Кај функционалноста би се повикал на членот 52. На една ипол страна сте наброиле Сенатот какви има функции, триесетина и уште дополнително ректорот надлежности има уште половина страница.

Сите тие се споени. Иако се два различни органи со човек кој е истиот на чело на нив. А ќе се сложиме дека претседавањето со органот и те како дава дух, и те како дава насока на органот. Едноставно ако нешто не му се допаѓа, ќе каже: ја прекинувам седницата, ќе ја презакажам за по три дена. Па ќе изврши притисок затоа што и со управниот орган е, затоа што ги избира деканите ќе изврши притисок врз деканите. Значи, се се споило во ректорот. Јас не викам дека нема да функционира. Веројатно ќе функционира и така. Меѓутоа, овде е сосема друго, дека подобро ќе функционира на начин кој амандманот го обезбедува, затоа што мислам дека е малку демократски, малку поефикасно и малку поефективно за една институција, без разлика државна, или приватна во овој закон, а тоа е универзитет. Нема да го повторувам колегата Герамитчиоски дека личноста на ректорот во овој закон се наоѓа во функција и да предлага и да одобрува како претседавач на ректорот, на ректоратот со решенијата. Кога ќе ги споредите надлежностите од член 52 на Сенатот и надлежностите на член 54 за ректорот, ќе видите дека повеќе од половината од нив се, на едно место пишува: предлага, на другото место

пишува: утврдува, а тоа е истиот, на едно место тој ги предлага, на друго место тој ги утврдува, или ги донесува и т.н. Затоа сметам дека е порационално да се прифати амандманот. Мене ми е жал што веќе работите очигледно отидоа во насока дека тој нема да се прифати. Меѓутоа, сеуште сметам дека за позитивни решенија и компромиси никогаш не е доцна.

И второто, на крај што сакам да го кажам, овој закон со ова решение предизвикува страшна централизација во високообразованата дејност. Ако е мотивот на Владата да ја централизира, тогаш за мене тој мотив е спорен, иако вашата власт и во другите закони оди во насока на централизација, на врвот на пирамидата. Еве, да кажам еден банален пример. Баналнио тпример е премиерот на Владата одлучува во центарот на Скопје на најатрактивната локација да гради црква. И сега по принцип на пирамида неговата одлука ја прифаќа министерот за транспорт, неговата одлука ја прифаќа градоначалникот на општина Центар, Советот на општина Центар, до крај сите ќе ја спроведат. Тоа е висока централизација на власта. Сите се спротивставуваат, освен државната пирамида, затоа што од врвот е даден сигналот. Исто и овде. Многу остра пирамида во која не знам дали ќе функционира системот на начин кој ќе биде ефективен и ефикасен не за новиот ректор, туку ќе биде за високообразовната дејност која се одвива на таа институција. Имајќи предвид дека во истите членови е уреден и начинот на избор на деканот, мислам дека на деканите дека ректорот станува премоќна фигура. Со оглед дека се работи и за државни универзитети затоа што тука ова како што е регулирано вика, приватните универзитети наместо сенат може да има орган на основачот, значи друг, што значи дека ова наваму важи исклучително и пред се за државните, за кои тоа е закон, а за приватните не е, затоа што вика, може. Значи, ако одбере господинот Фијат Цаноски како основач некој друг орган наместо сенатот, се заврши работата. Јас така го сваќам. Што значи овде ги уредуваме државните. Е кога ги уредуваме државните да прифатиме дека трендот во светот не е Владата да е семоќна и одлучува за се, туку трендот е да се шири степенот на одлучување кон заедниците, разно разни, универзитетски, урбанистички, економски и т.н. Овде мислам дека одиме нагоре во пирамидата на одлучувањето во ректорот. Кажани се примери како може да се стигне до ректорот и што ќе се случи. Иако тоа во законот не го пишува, вие со своето однесување како министер и Владата и мнозинството што вас ве подржува и праксата воспоставена во Република Македонија укажува дека овој закон после секоја промена на власта, универзитетските пирамиди ќе ги врти наопаку. Едноставно ректор наметнат од власта ги наметнува сите декани, на сенатот наметнува се, стручно, раководно, управно функциите ги концентрира, доаѓа нова власт сваќа што се случува, само врвот на пирамидата треба да го промени и после почнуваат надоле истите ситуации. Ректорот почнува нови декани, сенатот и т.н. и тоа не е ситуација во која ние сакаме да живееме. Сакаме високообразовната, како што пишува во Уставот да има малку повисок степен на сопствена автономија. Тоа мислам дека со врвот на пирамидата во овој закон токму ќе го оневозможиме.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе. Само да ми биде чиста совеста. Значи, се консултирав со правни експерти, зрело е за пат пред Уставен суд. Не може еден орган да управува со трите органи кои што се дефинирани на универзитетот. Во член 50 имате универзитетски Сенат, ректор и Ректорска управа. Ректорот си управува сам со себе, бидејќи е едно физичко лице. Во член 54 ректорот ги свикува и претседава со седниците на Советот, значи управува со вториот орган. И во член 56, со ректорската Управа раководи ректорот. Испомешани се копирањата од другите закони, поготово што ако се отвори главниот проблем финансирањето. Значи кажете, јас ја знам тенденцијата дека овде се има намера ректорот да стане менаџер на универзитетот. Во ни една одредба тоа јасно и децидно го немате ставено. Зошто? Бидејќи според други одредби силингот на универзитетот во буџетските средства го предлага Советот за финансирање во високото образование му го предалга на министерот, на Владата и т.н. Со дополнителните средства кои што ги прибира универзитетот, односно факултетите на посебни сметки не се располага самостојно. И вие тоа го знаете, бидејќи потпаѓаат под трезорско работење. Месечно мора ректорот, односно деканот да најави преку Министерството за образование и наука колкава сума му е потребна до Министерството за финансии да го стават во месечниот план за трошење на средствата и да му ги одобрат средствата кои што сопствени ги прибрале по разни основи, законски се разбира на посебна сметка. Сега да ве прашам, каде е тука ректорот менаџер? Овде сте напишале одредба, значи во надлежности на ректорот, шеста алинеја, одлучува за финансиски и материјали прашања кои не се во надлежност на Сенатот на јавниот универзитет. А претходно на Сенатот е должен да му достави годишен извештај за материјалното и за финансиското работење. Значи, по што Сенатот не е овластен да гледа кое е материјално финансово работење. И каде е тука контролниот механизам? Како ќе се контролираат средствата кој што ректорот го назначувате заправо го овластувате да одлучува за финансиски и материјални прашања на кои што не треба никому да му даде отчет, на никого не треба да му даде отчет. Испомешани се законските одредби кои што постојат во развиените западни земји. Таму има борд на директори кои што исклучиво се грижат за прибирање на финансиите на универзитетот, бидејќи универзитетот е профитабилна

институција таму. Основа на неговото постоење е профитот. Овде кај нас не е така. Јавните универзитети се задолжени за остварување на јавниот и општ интерес на државата за креирање на процеси за создавање на високообразовен кадар во кој што државата обезбедува да не банкротираат. На запад не е така. Ако е профитабилно кај тие земји каде што цитиравте, има земји во кои што 100% е државен. Лесно им е на Словенците, сме го разгледувале ние тој модел до детали. Тие предлагаа универзитетот 100 милиони, државата му дава 200 милиони. Немаа финансиски проблем. Во Република Македонија потребите кои што се дефинирани за високото образование само 45% се остваруваат од Буџетот на Република Македонија. Значи ли тоа дека ректорот остатокот ќе го прибира од посебни средства, ама не од кофинансирање и партиципација, туку од други средства. И како тоа ќе се одрази на работењето. Еве на универзитетот "Св. Кирил и Методиј" каде што е проблемот на создавање на интегриран универзитет во кој што Економскиот и Правниот факултет имаат доста висок прилив на средства. Ќе му дадат на ректорот да ги управува? Да го видам тоа како ќе се преточи во статут на универзитетот. Живо ме интересира како тоа ќе се преточи во статут на универзитетот во кој што ќе бидат обврзани тие факултети по статут на универзитетот да ги трошат тие средства. Тука пишува по статут. Видете го членот 8 на законот во кој што сте помешале дека и основачот Собранието на Република Македонија ќе ги одредува критериумите на трошењето. Тој член е проблематичен. Тука се кршеа копјата и кај експертите при создавањето на овој закон. Тука е интегриран универзитет, а не надлежностите што ќе ги добие ректорот. Интегриран универзитет ќе стане вака на хартија, ама во пракса нема. Затоа што не е решена мотивацијата на прибирање на средствата, кој ќе ги прибира средствата, како тие ќе се трошат, по кои критериуми ќе се трошат внатре во универзитетот. Со закон тоа ќе му го решите на универзитетот. Тогаш влегувате во автономијаа на управување со универзитетот која што е загарантирана по Устав. Испомешани се кај нас работите. Не можете да го копирате Шведскиот модел. Ова е Македонија. Овде беше спомената Хрватска. И тие имаа проблеми. Неколку пати го менуваат законот во тој дел. Ниту опстоиле на единствен модел, затоа што започнале нешто, ги увиделе сите проблеми, повторно се враќаа наназад. Сите го имаме истиот проблем од бившите југословенски републики. Словенија го нема, бидејки има толку висок општествен производ во кој што може да си дозволи луксуз и сватиле дека треба да одвојуваат многу висок процент за високото образование, можат тоа да си го дозволат, го прават тоа и како бенефит му се враќа назад. Јас се извинувам што бев долг. Најдобронамерно ви ја укажувам оваа сугестија дека ќе имаме море на проблеми. Светот и понатаму ќе постои и после усвојување на овој закон, се ќе си тече по ред. Прашање е, сакаме ли да започнеме со разрешување наодредени пробелми во сферата на високото образование кои што постоеле и постојат, или и понатаму на хартија тоа ќе си постои и ќе си тече натаму. Еден човек тоа не може да го реши. Немаме таков едуциран кадар кој што истовремено и стручно. Сте напишале одредба дека професионално треба да склучи договор со сенатот.Ве молам, што ќе склучи самиот со себе договор за работење професионален, кога тој го претставува Сенатот. Сте испомешале, значи сте ги оставиле старите одредби во одредени членови на законот, а сте внесле нова одредба на седница на Влада, му текнало знам на кого, ајде ова сега нека тече вака. Ама треба да се корегираат и други членови на законот кои што не сообразуваат со ова.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Едно од прашањата кое што очекував да биде регулирано во овој закон, а за кое што разговаравме во првата фаза, тоа е во претходниот мандат, меѓутоа јас сум убедена дека Министерството ги имало на увид и тогаш искажувањата на пратениците. Меѓутоа, и во јавната дебата во втората фаза беше тоа дека овој закон меѓу другото треба да го регулира и конфликтот на интереси кој што во одредена мерка може да се појави и се појавува, постои во универзитетите и високообразовните институции, од различен карактер, дали начинот на продажба на книги, на универзитетски учебници и други прашања за кои што во многу наврати имало реакции и од јавноста и од студентите. Меѓутоа, до сега не се собрало храброст да се предложат решенија кои што тоа законски ќе го оневозможат. Наспроти тоа она што се случува со ова решение, со овој предлог кој што е даден е озаконување на конфликтот на интереси од страна на ректорот кој што овој пат, за жал, го аминува Владата. Владата која што не убедува дека е посветена на борбата против корупцијата, против конфликтот на интереси,не знам какви се не декларативни заложби за борба против организиран криминал и т.н., не собира храброст да регулира конфликт на интереси во оваа сфера, туку напротив промовира конфликт на интереси во име на ректорот на универзитетот, заради тоа што знае дека ќе го контролира. По најавите кои што се појавија од страна на претставници на власта веднаш по доставувањето на законот во Собранието веќе е јасно, таква беше изјавата на потпретседателот на Владата господинот Јанкуловски кој што можеби заради тоа што во еден дел од своето време е задолжен за земјоделие, а еден мал дел за образование и не е свесен за тежината на својата изјава, дека е добро ректорот да биде друго лице кое што ќе управува со универзитетот и не мора да биде вработен на универзитетот. Јас сум убедена дека веќе владеачкото мнозинство, или Владата знае кој ќе биде

ректорот на државните универзитети веднаш по донесувањето на овој закон. Имајќи ја во предвид изјавата на вице премиерот кој што е задолжен покрај за земјоделие и за образование.

Претходниот амандман беше со сличен концепт, меѓутоа овој е многу подобар од технички аспект. За тоа не дискутиравме за претходниот мандат. Споредувајки ги законските, предлозите во овие решенија со законот кој што после една година од оваа Влада беше доставен во Собранието како втора фаза, интересно е да се заклучи дека има разлики не само во оние решенија кои што биле барани, а произлегле од јавната дебата, како што сакаше да не убеди минситерот, туку има разлика и во оние членови во кои што Владата може да ги контролира високообразовните институции и на тој начин да ја наруши нивната независност и да ја наруши автономијата на универзитетот. И затоа ве прашувам отворено, зошто, ако во законот кој што го доставивте една година откако дојдовте на власт Законот за високо образование кој што ги помина собраниските тела, кој што помина и јавна дебата на која учествуваа сите универзитети и претставници на високообразовни институции и т.н. имавте решение во членот 51 во кој што уредувавте дека Сенатот од редот на своите членови избира претседател чии права и обврски се уредуваат со деловникот за работа на Сенатот. Ректорот и проректорите учествуваат во работата на Сенатот без право на глас. Што ве натера да го измените и во новиот предлог кој што сега ни го доставивте ваквото решение да го нема?

Што беше клучното да го направите овој чекор, што беше клучното да се одлучите, ректорот да не биде лице вработено на Универзитетот, да го контролиа Сенатот, да раководи со Сенатот, а од друга страна да има надлежност, која што дитекнос е коси со неговите надлежности, тоа што го зборуваше господинот Герамитчиоски, во смисла, кадеија те тужи, кадија те суди. Ова решение не е функционално. И ако се повикувам на вашата изјава дека е важно како законите се имплементираат, ова е едно од решенијата, ако се имплементира вака како што е ќе биде катастрофално за високообразовната дејност.

Значи, ќе морам да повторам, една од надлежностите на Сенатот е да го усвои годишниот финансиски план на Универзитетот да донесува годишна финансиска пресметка и годишен завршен финансиски извештај на Универзитетот. Од друга страна, една од надлежностите на ректорот е да избира и да разрешува декани, меѓутоа, исто така да раководи со финансиите на Универзитетот, особено за прашања, кои што не се во надлежност на Сенатот на јавниот Универзитет. Меѓутоа, во исто време ги свикува и претседава со седниците на Сенатот, ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и дава иницијативи за свикување на Сенатот.

Што ќе се случи, да речеме ако ректорот не одлучи воопшто да не го свикува Сенатот. Кој ќе ја сноси одговорноста. Што ќе се случи ако Сенатот, имајки го предвид составот, донесе со мнозинство гласови одлука во која ќе се вели дека ректорот ги прекршил ингиренциите и извршил злоупотреба на службената должност.

Согласно членот 54, ректорот е тој кој што треба да ја изврши одлуката и заклучокот на Сенатот. Ректорот нема да го направи тоа. Дали сфаќате дека со ваквото решение влегувате во еден магепсан круг, кој штоне дава можност за функционирање. Напротив, дава добра можност за нефункционирање на органите на Универзитетот. Дава можност за тотална конфузија. Меѓутоа, вас очигледно тоа ви е интенцијата со овој закон. Не ви е интенцијата да се регулираат работите во високото образование, туку напротив, да не се регулираат, заради тоа што ВМРО-ДПМНЕ и ДПА секогаш најдобро се снаоѓаат во конфузија и во хаос, за тоа и секогаш ги продуцираат, без разлика каде се наоѓаат дали во опозиција или во позиција. Во опозиција од еден карактер, кога се на власт од друг карактер.

Значи, барам да ми одговорите што беше тоа клучно што ве натера во рок од неколку месеци да го повлечете претходниот текст, кој што беше потполно усогласен со Европската унија, со кој што се фалевте дека е потполно усогласен со директивите на Европската унија и кој што овозможуваше навистина добри решенија, кои што дополнително требаше само да се изменат одредени амандмани кои што беа поднесени, кои Произлегоа од јавната дебата. Што беше тоа клучно што ве натера да го измените потполно концептот за неколку месеци и да ни понудите решенија кои реално немаат никаква врска, ниту со директивите на Европската унија, ниту пак со намерата да функционира високото образование на начин на кој што доликува.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Реплика има господинот Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колееги, јас навистина и благодарам на колешката Грковска, што во ова свое обраќање до нас пратениците и до Министерството за образование и наука, дотакна една тема која што во оваа повеќедневна расправа, прв пат ја спомнуваме, а тоа е високиот степен на корупција на универзитетите секаде, па и во нашата зема. Хипотетички е кофликтот на интереси дека може да биде причина за зголемување на корупцијата на универзитетите. Можам да се согласам, но можам и да не се согласам со тоа, заради тоа што постојат примери во пракса. Колешката Секуловска го кажа тој пример.

Според Хрватскиот закон, со членот 57 ректорот и претседава со седниците на Сенатот, но претседава и со седниците на универзитетскиот Совет. Тоа не смета во хрватското законодавство

и точно дел од надлежностите на Сенатот, хрватскиот Сенат има донесено одлука, според еден проект, кој што се вика етика во високото образование, што претставува фактички еден систем на најбеспрекорна борба против корупцијата на универзитетите.

Значи, со оваа одредница дека ректорот ќе претседава и ќе ги свикува седниците на Сенатот, тој со ништо не му забранува на Сенатот, активно да се ангажира во борба против корупцијата. Напротив, еден универзитет кој претставува репер и парадигма на многу наши дискусии е Белградскиот Универзитет. Неодамна е донесен исто кодекс на професионално однесување на универзитетите и Сенатот на Белградскиот Универзитет, формира одбор за професионална етика, со исто така, многу ингеренции, кои што ги има и Сенатот и Одборот, во sанккционирање на се она што се смета дека е корупција. И меѓу професорите на Универзитетот, и меѓу студентите. Така да со ништо не сметам дека оваа функција на ректорот ќе биде степен повеќе загрижувачки за зголемување или намалување на корупцијата.

Со овие ингеренции од страницаипол што ги спомнаа колегите на Сенатот, Сенатот и тоа како има инструменти за борба против корупцијата на универзитетите. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Шутаров.

Реплика на вашата реплика има госпоѓица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Господине Шутаров, во членот 54 се вели дека ректорот одлучува за финансиските и материјалните рпашања, кои не се од надлежност на Сенатот на јавните универзитети. Меѓу другото дека ги свикува и претседава со седниците на Сенатот и ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот. Што ако речеме дека Сенатот донесе одлука дека бидјеки ректорот не поднел на време извештај за финансиското работење на Универзитетот, треба да ја сноси одговорноста и носи заклучок дека треба да се разреши ректорот. Ректорот е тој што треба да го спроведе заклучокот. Меѓутоа, ректоорт никогаш нема да ја свика седницата на која што треба да го разгледува финансискиот извештај, затоа што во наводници, ректорот направил некоај можеби финансиска проневера. Не може оној што е надлежен како орган да си одговара сам пред себе. Или да свикува орган за да одговара пред него. Нема логика. Тоа се конфликт на интереси. И кажете ми зошто после една година од владеење на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА конечно е поднесен закон за високо образование и беше повлечен, за после 2-3 месеци да бидат предложени вакви решенија, кои што воопшто, не се појавуваа во претходниот текст.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓице Грковска.

За збор се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе, почитуван министре, како еден од потписниците на амандманот што со господинот Герамитчиоски во име на пратеничката група ги дадовме, да се обидам уште еднаш да го убедам парламентарното мнозинство да ја прифати нашата аргументација.

Инаку, зборуваше доста господинот Герамитчиоски и колешката Грковска и господинот Поповски за нашите аргументи за нелогичноста со овој предлог, или што е она што сака да се постигне со овој предлог. Она што останува како факт, ако опстои парламентарното мнозинство на овој предлог дека, она што ни преостанува нас, или на други институции, илипоединци да поведат барање за толкување или за проверка на уставноста на ова решение, каде што три органи универзитетскиот Сенат, ректор и Ректорската управа дефинирани со членот 50, колку е тоа уставно да бидат водени од еден човек, или еден човек да ги обедини сите тие три органи.

За жал, имам впечаток дека седницата на Владата на кои што се направени измените, кои што не се во согласнсот со ректоратот, или со универзитетите, имаат за цел да направат штета на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”. И сите овие решенија што се овде дадени одат во обид, реков јас некои ностварени детски соништа на некои да ги реализираат сега кога се во позиција на власт, па шеските што ги имале на “Св. Кирил и Методиј” се префрлиле во друг универзитет, сега да им го врата на целиот универзитет со измена на Законот.

Второ, се обидуваме овие денови, овие се три амандмани, за кои што повеќе зборуваме. Тоа е за поголема вклученост на студентите или за опстојување на традицијата на организирансот од аспект на Сенат и на ректор, како што до сега било. Инаку и без овој закон, реков Владата си работи со овие законски решенија ако нема закон, со такво едно обединување и поголема моќ на ректорот, функционира Универзитетот “Коце Делчев” во Штип, кој се информира пред извесно време, а го има ова законско решение веќе во сила, го применува и мислам дека до некаде ова се однесува и на Државниот универзитет во Тетово. Практично со ова ќе се аминува постоечката состојба. Она решение зошто го брани Владата е секој случај да се елиминира влијанието на универзитетската фела во процесот на работење и одлучување во рамкит ена Универзитетот.

Зошто го велам тоа? Бидејќи Владата не за џабе, тоа барем го научивме од изминатите, ова е веќе трета календарска година на оваа Влада и за тоа стануваме свесни сите. Едно решение што ќе биде скокотливо, не е тука Лилјана Поповска, ќе се спасам, кога има некој скокотливо решение, има некоја намера. И штом Владата нуди решение каде што ректорот мора д абиде човек кој ќе дојде од Заедницата, го знае човекот. Така беше за МРТВ. Значи, цел народ знаеше дека

Словенецот, кој е сега Македонец одеднаш, иако бевме сите сведоци на Комисијата за транспорт и врски, не зборуваше македонски, зборуваше српскохрватски, тој преку ноќ стана Македонец, а сите знаеме дека после сите три земји од кои што го истераа, ќе дојде да биде директор на МРТВ. И само си го легализира со закон парламентарното мнозинство тоа. Како што знаеме кој ќе биде победник на тендерот за увоз на јаглен, знаеме кој ќе биде, сега има решение Владата во ректор од надвор. Кој е механизмот Универзитетот да се брани. Сенатот е. Со претседавач на Сенат, кој што ќе биде избран од редот на професорите, бидејки не може да биде од надвор, ќе си го изберат самите тие и практично тој ќе биде коректор на ректорот. Демократските процеси, ако сакате и политичките партии ги наложуваат како критериуми во државата и сопствените примери. СДСМ направил многу работи како партија во Република Македонија. СДСМ е прва политичка партија која што сега во ова раководство воведе претседавач на седниците на Централниот одбор. Да не биде ниту претседателот, ни генералниот секретар, за да се намали влијанието. Овој е еден таков случај. Некој на ректорот ќе треба да му ја детронизира или да му ја контролира неговата голема моќ. И затоа, таа традиција која во одредени земји е по 200, 300 години, каде што постои некој баланс, добро функционираше во Република Македонија. Професорите, редовните професори, сенаторите се избираат со тајно гласање, човек од редот на сенаторите кој што претседава со Сенатот. Ректорот е тука, но тоа да се обедини во еден човек, мислам дека е преголема моќ. Затоа Владата не попушта на овој амандман. Нека опстои на концептот, и ректорот да биде странец и надвор од универзитетската фела кој ги поминал сите хиерархиски скалила, но еве да опстои барем да му се даде некоја шанса на Универзитетот, сопствената кариера некој што ја градел десетина години, дошол во некоја позиција да си ги брани тие интереси кои што природно се влечат со сите тие години поминати во образованието. Затоа реков, во услови кога, во приватните факултети тоа е нормално, основачот е дел од структурата. За жал, парламентарното мнозинство оди како основач да биде присутен во органите на Универзитетот, да види што ќе се случува, во услови кога ова функционира во двата државни универзитети во Штип и Тетово, останува дека ова е само измислено за Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" и НСДП си има своја играчка, а тоа е Универзитетот "Климент Охридски" во Битола. Затоа, можеме да дадеме, тоа господинот Поповски го зборуваше, вие имате 10 земји за пример, ние имаме 10 земји за пример. Да видиме, дали некој систем функционирал овде во Република Македонија и зошто бил проблематичен за да го менуваме. Овој е чист еден упад на Владата во Универзитетот. Исклучиво ова се однесува на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". Ова е обид под закрила на Болоњскаа декларација да се направи упад во Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" да се поместат работите по некој свој терк, да се изгуби влијанието на професорите кои што многу години се на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", ќе намаат механизам како да се спротивстават на ректорот кој што ќе биде некој редовен професор, ама избран некаде од страна. Има факултети во кои што има професори и доктори кои штоостанале заборавени заради свои ангажмани и сега тие можеби никогаш не биле на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" и ќе додјат да бидат ректори да исполнат некоја своја или туѓа за жал, политика.

Затоа, ако Владата опстојуваше на концептот да има човек ректор од надвор, можеше да направи баланс да привршиме со амандманите. Ако прифатеше едно вакво решение барем нешто да му се оставеше на Универзитетот и на оние професори кои што многу години вложиле во градењето на рејтингот, во овој случај на "Св. Кирил и Методиј", како што реков, бидејки реалната пракса покажува дека овој член ќе го погоди само, или ќе има обид за упат на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

Она што мене ми останува како предлагач, заедно со господинот Герамитчиоски уште еднаш апелирам на парламентарното мнозинство. Јас знам дека ова ќе се врати како бумеранг кон парламентарното мнозинство, можеби себично гледано и ми одговара, но мислам дека ќе предизвика еден општ хаос како што во различни сфери веќе се случува во Република Македонија. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Макрадули.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Сосема кратко. Жал ми е што колешката Мирјана Секуловска не е тука. Таа беше тотално во право тоа што го зборуваше. Според сегашното законско решение, деканите на универзитетите ги имаа овие три функции. Претседаваа со наставно-научниот Совет, со факултетската Управа и го претставуваа факултетот. Тоа решение добро беше? Заради тоа се бара интегриран универзитет. Заради таа ситуација и тие аномалии кои што се потврдени секаде, се покрена прашањето на промена во управувањето на Универзитетот. Заради тоа е осмислена таа општа формулација интегриран универзитет. Сакаме истото решение да го пресликаме кај ректорот? Да се потврдат и да се повторуваат сите оние аномалии? Верувајте, 22 години ги гледам на повеќе факултети истите проблеми. Сите универзитетски професори ќе ви кажат дека помалку или повеќе на факултетите истото се случува со деканите. И сега кај ректорот е уште пострашно. Барем тогаш некако можеше ректорот да ги контролира нив, а сега ректорот никој не може да го контролира. Могу чувствително прашање. Клучно е како законот ќе

добие боја. Сакате да има поделба на власта во универзитетската фела, значи во високото образование, слично како што е општественото уредување во Македонија, на законодавна, извршна и судска власт.

Овде, во рацете на еден човек давате се. Тоа го нарпавивте впрочем и во здравството, па се видоа последиците, ќе се видат допрва но и сега се видливи. Немојте да ја повторуваме грешката и немојте да ни забележувате за чувствителноста или пак тоа што станува премногу досадни да ги браниме овие ставови, бидјеки сме од таа фела, бидејки сме живо заинтересирани да не пропадне нешто што со години наназад макотрпно се градело. Сепак, станува збор за Универзитет.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор по амандманот го заклучувам претресот.

Би ги повикал координаторите на пратеничките групи да помогнат во прибирањето на кворумот, односно создавање кворум во Собранието, како би можеле да гласаме по амандманот.

Ги поканувам сите пратеници кои се наоѓаат во околните сали да влезат во главната сала како би можеле да гласаме.

Со оглед на тоа што нема кворум во салата, а се работи само за 10 минути, овде ја прекинувам седницата.

Ќе продлжиме утре во 11,00 часот си истата точка од дневниот ред. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,47 часот)